| Среда | 21 | 28 | 4 | 11 | 18 | 25 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 3 | 10 | 21 |
| Четврток | 22 | 29 | 5 | 12 | 19 | 26 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 4 | | 20 |
| Петок | 23 | 30 | 6 | 13 | 20 | 27 | 6 | 13 | 20 | 27 | | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 5 | | 16 |
| Вк. денови | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 96 |

*8 Септември* – Ден на независноста на РСМ

*11 Октомври* – Ден на народното востание (сабота)

*23 Октомври* – Ден на македонската револуционерна борба

*8 Декември* – св. Климент Охридски

*20 Март* – Рамазан Бајрам

*10 Април* – Велики Петок, петок пред Велигден

*13 Април* – Втор ден Велигден

*1 Мај* – Ден на трудот

*24 Мај* – Св.Кирил и Методиј (недела), неработен 25 мај (понеделник)

*29 Мај* – Духовден, петок, пред Духовде

## *8.2 Поделба на одделенско раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часови*

| **Паралелка** | **Одделенски раководител** |
|---|---|
| $I^1$ | Андријана Николовска |
| $I^2$ | Цветанка Попова |
| $I^3$ | Соња Стојковска |
| I с.Звегор | / |
| I с.Габрово | / |
| $II^1$ | Даниела Сумрачка |
| $II^2$ | Цветанка Петровска - Тодоровска |
| $II^3$ | Јадранка Цоневска - Дамјановска |
| II с. Звегор | Коле Манов |
| II с. Габрово | Горданка Коцева |
| $III^1$ | Билјана Ичова |
| $III^2$ | Ангел Маневски |
| $III^3$ | Борче Марков |
| III с.Звегор | Коле Манов |
| $IV^1$ | Елизабета Џабирска |
| $IV^2$ | Бети Јовановска |
| $IV^3$ | Даниела Ангеловска - Ѓорѓиева |
| IV с.Звегор | / |
| IV с.Габрово | / |
| $V^1$ | Гоце Стоиловски |
| $V^2$ | Емилија Тричковска |
| $V^3$ | Младен Стоименовски |
| Vс.Звегор | Емилија Христова |
| V с.Габрово | Билјана Велковска Стоименова |
| $VI^1$ | Сашко Ивановски |
| $VI^2$ | Билјана Николовска |
| $VI^3$ | Василка Ивановска |
| $VI^4$ | Лилјана Ивановска |
| $VII^1$ | Кирчо Гоцевски |

| | |
|---|---|
| VII2 | Маја Милчевска |
| VII3 | Николина Стојчевска |
| VII4 | Магдалена Златковска |
| VIII1 | Анита Постоловски |
| VIII2 | Антонела Манева |
| VIII3 | Габриела Димитровска |
| VIII4 | Горанчо Ќурчиски |
| IX1 | Билјана Стоиловска |
| IX2 | Ванчо Атанасовски |
| IX3 | Катерина Ивановска |
| IX4 | Наташа Цековска |

| | **Наставен јазик-македонски** | **Наставен јазик-албански** | **Наставен јазик-турски** | **Наставен јазик- српски** |
|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 34 | / | / | / |
| **Број на ученици** | 439 | / | / | / |
| **Број на наставници** | 57 | / | / | / |

## *8.3. Работа во смени*

Училиштето работи во една смена. Во училиштето учат ученици од прво до деветто одделение. Часовите почнуваат во 08:00 часот, а завршуваат во 13:35 минути.

Часовите траат по 40 минути. Задолжителната настава ќе се изведува за сите ученици и ќе биде организирана по сите одделенија и тоа од I (прво) до IX (деветто) одделение.

Одделенската настава ќе се изведува во 15 паралелки во централната зграда, 2 паралелки во с. Габрово, 2 паралелки во с. Ѕвегор.

Предметната настава ќе се изведува во 15 паралелки во централната зграда.

## *8.4. Јазик/јазици на кој/и се изведува наставата*

Наставата се одвива на македонски наставен јазик.

## *8.5 Проширена програма*

Во нашето училиште повеќе годиини постои продолжен престој во кој се опфатени ученици од I до III одд. Во продолжениот престој учениците пишуваат домашна работа, вежбаат, решаваат наставни ливчиња. Се реализираат и слободни активности: читање енциклопедии, гледање и анализа на едукативни филмови, играње колективни-едукативни игри.

Наставата во продолжениот престој ја реализира наставничката Горданка Коцева.

## *8.6 Комбинирани паралелки*

Според законот за основно образование паралелките се комбинираат од ученици од прво до трето одделение и од ученици од четврто и петто одделение. Во учебната 2025/2026 год. Во нашето училиште има една комбинирани паралелка во с. Звегор, четврто и петто одделение.

## *8.7 Странски јазици што се изучуваат*

Прв задолжителен странски јазик е англискиот, а втор задолжителен јазик се германскиот и францускиот јазик. Англиски јазик изучуваат сите ученици  од прво до деветто одделение, додека учениците од шесто до деветто одделение избираат кој од понудените јазици ( француски/ германски) ќе го изучуваат.

| **Наставен предмет** | **Број на ученици кои го изучуваат** | **Број на паралелки во кои се изучува** |
|---|---|---|
| Англиски јазик | 439 | 34 |
| Германски јазик | 120 | 15 |
| Француски јазик | 72 | 15 |

## *8.8 Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение, настава во тандем*

Кога наставата се реализира од страна на двајца наставници, планирањето и реализирањето на наставата го прават двата наставника заедно. Во наставата по Физичко и здравствено образование улогата на одделенскиот наставник е да ги организира учениците, да им пружа поддршка при изведување на вежбите, да се грижи за нивната безбедност и дисциплина за време на часовите и да го следи учеството и напредокот на секој ученик. Улогата на предметниот наставник е да направи избор на соодветни вежби и реквизити, да ги демострира вежбите. Двајцата наставници се редовно и континуирано присутни на часовите и освен што заеднички ги реализираат часовите, заеднички и ги оценуваат учениците.

Наставата по физичко и здравствено образование ја изведуваат наставниците Ѓорѓи Велинов, Катерина Ивановска, Бојан Петровски, Павле Стоиловски и Антонио Златковски , во тандем со одделенските наставници.

## *8.9 Изборна настава и слободни изборни предмети*

При крајот на учебната 2024 – 2025 година спроведовме анкета за заинтересираноста на учениците од IV до VIII одделение за подрачјата од секоја категорија на слободните изборни предмети. Анкетата се спроведе во вид на прашалник, зададен на сите ученици, да го пополнат анонимно.

За учениците од VIII одделение на крајот на месец мај се спроведе анкета за изборен предмет според старата наставна програма, се понудија три предмети од листата на изборни предмети.

Врз основа на добиените податоци и изборот на учениците и родителите дефинирани се изборните предмети за учебната 2025 – 2026 година.

| | |
|---|---|
| **IV 1 и IV 3**<br>- Образование за животни вештини,<br>- Цртање, сликање, вајарство<br><br>**IV 2**<br>- Образование за животни вештини<br>- Разрешување на конфликти | **V 1 и V3**<br>- Го откриваме францускиот свет низ игра<br>- Математички игри<br><br>**V 2**<br>- Го откриваме францускиот свет низ игра<br>- Игри за разрешување на конфликти |
| **VI 1, 2, 3**<br>- Етика на религии<br>- Религиозно и културно наследство | **VII 1, 2, 3, 4**<br>- Готвење<br>- Учам за моето здравје |
| **VIII 1, 2, 3**<br>- Шах<br>- Планинарење<br><br>**VIII 4**<br>- Жените низ историјата<br>- Класична култура 2 | **IX 1**<br>- Вештини на живеење<br><br>**IX 2, 3, 4**<br>- Проекти од ликовна уметност |

## *8.10 Дополнителна настава*

Во текот на годината ќе се организира дополнителна настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето и заостануваат по одделни наставни предмети од повеќе причини (болест, подолго отсуство и друго).

За успешно организирање на дополнителната настава потребно е целосно и континуирано следење и вреднување на успехот и напредокот на секој ученик, како и поставување на навремена дијагноза за неговите способности и потреби, постигнувања и. т. н.

Во текот на учебната година наставниците ќе ја реализираат дополнителната настава по однапред изготвени планови и програми кои ќе ги достават најдоцна до 20 септември. Исто така ќе биде изработен распоред за дополнителна настава кој по донесувањето ќе стане составен дел на оваа годишна програма.

Дополнителната настава за учениците од 1 одделение до 8 одделение се планира и се реализира на неделно ниво, согласно потребите на учениците, во рамките на задолжителниот престој на учениците. Планирањето на дополнителната настава во одделенска настава е составен дел на неделното планирање за што се известуваат учениците и родителите.

## *8.11 Додатна настава*

Додатната настава се организира за ученици кои во текот на редовната настава постигнуваат надпросечни резултати, пројавуваат особена активност и ангажираност по одредени наставни предмети. Додатната настава ја организираат самите наставници во зависност од сопствените согледувања за работата и интересот на учениците. За таа цел наставниците изготвуваат програми за работа како и распоред за додатна настава што ќе биде доставен најдоцна до 20 септември.

Слободните изборни предмети за учениците од 1 одделение до 8 одделение овозможуваат проширување и продлабочување на знаењата на учениците од определн предмет со што претставуваат една од формите на додатна настава. Доколку учениците пројавуваат интерес за унапредување на знаењата и вештините, а тие не се опфатени преку слободен изборен предмет, се организира друга форма на додатна настава. Исто така, подготовките на учениците за натпревари претставува една од формите на додатна настава.

## *8.12 Работа со надарени и талентирани ученици - индивидуализирани програми*

Во текот на образовниот процес, наставникот (во консултација со педагошко-психолошката служба) има можност да открива и следи посебно надарени и талентирани ученици. Овие ученици покажуваат афинитети, креативност, иновативност во одделни програмски подрачја од различни предмети. Секој наставник, кој во паралелката има ваков ученик, во зависност од потребите и талентот на ученикот ќе изготви еден вид индивидуализирана програма за работа со вакviот ученик.Преку оваа програма ученикот ќе се насочи и ќе му се помага во развивањето на неговата надареност и талент. Ќе му се овозможи и учество на разни училишни и вонучилишни натпревари и други видови манифестации.

Надарените и талентирани ученици посебно ќе се евидентираат и кај педагошко-психолошката служба, а училиштето во зависност од постигнатите успеси на ваквите учаници, ќе изготвува и пригодни награди.

Надарените ученици се идентификуваат преку опсервација на наставникот на часот (анегдотски белешки, оцени, лична евиденција на секој наставник одделно). Селекцијата на овие деца се врши и преку индентификациони листи за логичко математичка, ликовна, јазична и музичка надареност.

Работата со надарени и талентирани ученици во нашето училиште се реализира преку:

- индивидуализација во наставата со учениците;
- групна настава за учениците со приближно исти способности ;
- додатна настава
- проектни активности;
- слободни ученички активности;
- организирање натпревари,конкурси и истражувачки активности;
- организирање креативни работилници.

## 8.13. Работа со деца со посебни образовни потреби

Инклузивното образование е процес кои ги зема предвид различните индивидуални потреби за развој на учениците, давајќи еднакви можности за остварување на основните човекови права за развој и квалитетно образование. Тоа подразбира промени и прилагодување на наставните содржини, пристапот, структурите и стратегиите за учениците со посебни образовни потреби. Инклузијата се дефинира со Концепцијата за инклузивно образование и Законот за основно образование. За потребите на учениците со попреченост во училиштето е формиран Училишен инклузивен тим кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на цело училиште и е формиран од срана на дитекторот. УИТ е со мандат од 3 учебни години и е во состав од 7 члена: специјален едукатор и рехабилитатор, педагог, директор, еден наставник од одделенска настава и еден наставник од предметна настава и двајца родители на ученици со ПОП. УИТ ги осмислува и спроведува активностите на ниво на училиште и води грижа да бидат усогласени и применувани во воспитно - образовната работа. За секој ученик со ПОП кој работи по ИОП формиран е Инклузивен тим за ученик кој е составен од: наставниците на ученикот, родител – старател, специјален едукатор и рехабилитатот и педагогот. Инклузивниот тим за ученик во фокусот на својата работа ги има конкретните ученици и изготвување и реализирање на нивните ИОП-и. Во училиштето за успешна инклузија на учениците со ПОП се изготвуваат годишен (долгорочен), тематски (среднорочен) и дневен (краткорочен) ИОП. Долгорочниот ИОП се изготвува во рок од 30 дена од денот на започнување на наставата на ученикот во училиште и се реализира во текот на целата година. Среднорочниот ИОП се реализира во зависност од времетраењето на темата по конкретниот предмет, а краткорочниот е имплементиран во рамките на дневна подготовка, со диференцирани цели, исходи и активности за учиникот со ПОП. По потреба ИОПот може да биде ревидиран (доколку се утврди дека целите се прениски/превисоки/несоодветни, и несоодветни стратегии и итн). Во изработка и реализација на ИОП-от учествува инклузивниот тим за ученик сограсно препораките на Регионалното стручно тело за проценка на функционирање, попреченост и здравје ( според МКФ ), Завод за ментално здравје на деца и деца и младинци, Завод за рехабилитација на слух, говор и глас итн.

Кај учениците со комплексни потреби се работи по модифицирана програма која се подготвува за секој воспитно – образовен период на основното образование и со неа се определуваат резултатите од учење базирани на компетенциите со кои учениците треба да стекнат и развијат самостојност, личен развој и социјални односи. Кај учениците со ПОП кој имаат потешкотии во учењето или емоционални потешкотии но ги постигнуваат целите од наставниот план и програма се применува диференциран пристап во планирањето и реализацијата на наставата за да им се овозможи на учениците да постигнат резултати во учењето. Учениците со посебни образовни потреби се идентификуваат при запишувањето во прво одделение преку набљудување и разговор со детето, како и информативно-консултативен разговор со неговите родители, за што се приложува и медицинска потврда (наод и мислење за видот и степенот на попреченост) од релевантни институции.

**Членови на училишен инклузивен тим:**

Горан Велков – Директор

Билјана Дончевска – Педагог

Дејан Глинџарски – Психолог

Лилјана Ивановска – предметен наставник

Бети Јовановска – одделенски наставник

Маријана Димитровска – специјален едукатор и рехабилитатор (Претставник од ресурсен центар за поддршка ООУ „Св. Климент Охридски – Делчево)

Гардијан Мемедов - родител

**Членови на инклузивен тим за ученикот Акиф Мемедов :**

Горан Велков – Директор

Билјана Дончевска – Педагог

Дејан Глинџарски – Психолог

Емилија Стоименовска – одделенски наставник

Наташа Цикарска Ѓеоргиевска – образовен асистент

Гардијан Мемедов – родител

Маријана Димитровска – специјален едукатор и рехабилитатор (Претставник од ресурсен центар за поддршка ООУ „Св. Климент Охридски – Делчево)

**Членови на инклузивниот тим за ученикот Мерт Абдулахов:**

Горан Велков – Директор

Билјана Дончевска – Педагог

Дејан Глинџарски – Психолог

Бети Јовановска – одделенски наставник

Катерина Димитровска – образовен асистент

Медихан Абдулахова – родител

Маријана Димитровска – специјален едукатор и рехабилитатор (Претставник од ресурсен центар за поддршка ООУ „Св. Климент Охридски – Делчево)

**Членови на инклузивниот тим за ученичката Азра Ибраимова**

Горан Велков – Директор

Билјана Дончевска – Педагог

Дејан Глинџарски – Психолог

Соња Стојковска – одделенски наставник

Седат Ибраимов – родител

Борче Марков – одделнски наставник

Алексадра Цековска – Митевска – образовен асистент

Маријана Димитровска – специјален едукатор и рехабилитатор (Претставник од ресурсен центар за поддршка ООУ „Св. Климент Охридски – Делчево)

**Членови на инклузивниот тим за ученикот Алекс Анакиев**

Горан Велков – Директор

Биљана Дончевска – Педагог

Дејан Глинџарски – Психолог

Лилјана Ивановска – одделенски наставник

Катерина Анакиева – родител

Маријана Димитровска – специјален едукатор и рехабилитатор (Претставник од ресурсен центар за поддршка ООУ „Св. Климент Охридски – Делчево)

## 8.14. Туторска подршка на учениците

Во досегашното работење немало потреба од туторска поддршка на учениците, но доколу се јави потреба, тековно ќе бидат назначени тутори и ќе биде изготвена програма за туторство по соодветниот предмет.

Во продолжение се дадените насоки од страна на МОН: Туторската поддршка на учениците ја обезбедува МОН, по предметите кои се дел од наставниот план во учебната година во која е запишан ученик, по претходно добиена писмена согласност од родител, односно старател. Поддршката ја реализира тутор-волонтер согласно Програмата за обезбедување на туторство на ученици од основно образование која ја утврдува министерот.Тутор-волонтер, може да биде редовен студент кој доброволно подучува ученици и кој ги исполнува посебните критериуми.

## 8.15. План за образовниот медијатор

Образовниот медијатор ќе помага за подобро школување на ромските деца. Неговата улога ќе биде со цел вклучување на ромските деца во основното образование, да помогне при континуитетот и задржување на децата во образовниот процес. Во нашето училиште како образовен медијатор е ангажирано лицето Фадил . Образовниот медијатор континуирано во текот на учебната 2025/2026 година ќе ја следи состојбата на образованието на учениците Роми, соработува со родителите за нивна мотивација и нивна поддршка за вклучување на нивните деца во образовниот процес, работа на терен за идентификување на нередовните ученици Роми и превземање на мерки за нивно враќање во образовниот процес, води

детална евиденција за состојбата на образованието на учениците Роми, а адекватно реагира за надминување на одредени проблеми, редовна комуникација со наставниците и службите во училиштето за следење на прогресот на учениците и нивната редовност, особено на нередовните и учениците кои покажуваат низок интерес за образованието, идентификување на ученици кои се повратници од странските земји и нивно враќање во образовниот процес (во поодминати години), редовни средби со родителите на учениците Роми, презвемање на активности за зголемување на свeта кај ромското население во однос на важноста на образовниот процес и слични активности.

# 9. Вонаставни активности

## 9.1. Училишен спортски клуб

Училишен спортски клуб „Шампион“ - Делчево, е регистриран во Централен регистар на РСМ со Решение бр. 08-462/4 од 16.03.2015 год. Процесот на наставата по спортување е воспитно-образовен, формата на работа е тренинг на ниво на способностите и спортските знаења на учениците. Содржините се дадени како надградба на постојните во редовната програма за физичко и здравствено образование. Спортувањето на учениците е во функција на системот на натпревари во Федерацијата на училишен спорт на Македонија.

Концепцијата на училишниот спорт е составена од повеќе спортови кои се поделени на индивидуални и колективни. Според афинитетите, желбите и претходните знаења на учениците, од страна на наставниците се оформуваат училишните спортски екипи.

Цел на вон-наставната активност по спорт е задоволување на потребите на учениците за спортување со совладување на елементи, правила за натпревар и оспособување за натпревар за еден од спортовите во функција на здравиот раст и развој. Ученикот се воспитува и образува да може да учествува на натпреварите во еден од системите на училишниот спорт.

**Конкретни цели**

- Поттикнување, омасовување и развој на спортот и спортско рекреативните активности во училиштето;
- Развивање и усовршување на системот на натпревари на училишните екипи;
- Води грижа за одржување при користење на објектите за спорт;
- Се грижи за здраствената заштита на спортистите – членови на клубот;
- Го стимулира развојот на секциите и спортските школи во рамките на клубот;
- Стручното усовршување на своето членство;
- Покренува иницијативи за уредување на одделни прашања од делокругот на својата работа преку правила, прописи, договори и сл.;
- Соработува со другите спортски организации, секции, клубови;

- Пропаганда и афирмација на спортот во училиштето, општината и пошироко;
- Ги развива физичките способности, правилниот раст и развој
- Ги развива позитивните карактеристики на личноста и однесувањето со спортувањето во избраниот спорт
- Создава услови за соработка и позитивни емоции во спортувањето, да почитува победа и победник
- Умее да се воведува во работа во полутренажниот процес и да го подготвува организмот за спортување
- Умее да избира вежби за развивање на психомоторните способности карактеристични за избраниот спорт и за оформување на телото, за одржување на симетрично развиено тело
- Се стекнува здравствено хигиенски навики пред, за време и по полутренажниот процес
- Стекнува навика на правилно држење на телото и негување на истото со адекватни комплекси вежби за оформување и развивање
- Стекнува навики за правилна и здрава исхрана
- Ги познава правилата и умее да се натпреварува во избраниот спорт, учествува во организација на натпревари на ниво на паралелките и во училиштето
- Ги применува вредностите на олимпизмот, фер-плеј однесување како натпреварувач и навивач во системот натпревари во училишниот спорт

Одговорни за реализација на вон-наставните активности по спорт се вработените наставници по физичко и здравствено образование.

Училишен спорт:

- Кошарка - женски
- Одбојка - женски
- Фудбал – машки
- Фудбал - женски
- Атлетика – машки
- Ракомет – машки и женски
- Пинг Понг - машки

Време на реализација:

- Наставата по спортување ќе се изведува во текот на учебната година од септември до јуни како перманентна активност за остварување на поставените цели

Опфатеност на ученици:

- Ученици од VI – IX одделение

Од учениците во наставата по спортување се очекуваат повисоки и разновидни постигања како што се репрезентативно претставување на училиштето на општински, регионални и државни натпревари, како и освоени награди на тие натпревари.

| Училишен спорт | Време на реализација | Опфатеност на ученици | Одговорни наставници |
|---|---|---|---|
| Кошарка (женски) | во тек на учебната година | VI,VII,VIII,IX одд. | Антонио Златковски |
| Одбојка (женски) | во тек на учебната година | VI,VII,VIII,IX одд. | Ѓорги Велинов |
| Фудбал (машки) | во тек на учебната година | VI,VII,VIII,IX одд. | Катерина Ивановска |
| Фудбал (женски) | во тек на учебната година | VI,VII,VIII,IX одд | Катерина Ивановска |
| Атлетика (машки) | во тек на учебната година | VI,VII,VIII,IX одд | Ѓорги Велинов |
| Ракомет (машки) | во тек на учебната година | VI,VII,VIII,IX одд | Горан Велков |
| Ракомет (женски) | во тек на учебната година | VI,VII,VIII,IX одд | Горан Велков |
| Пинг Понг (машки) | во тек на учебната година | VI,VII,VIII,IX одд. | Катерина Ивановска |

### *9.2. Секции / клубови*

***Слободните ученички активности*** ќе се организираат преку формирање на секции во кои учениците ќе се вклучуваат според своите слободни определби и афинитети. Работата на секциите ќе се одвива според однапред подготвени програми под раководство на предметен наставник. Како можни секции за реализирање на овие активности би биле: секција за спорт, секција за екологија, драмска секција, ликовна секција, литературна секција, јазичен клуб, секција на млади физичари, секција на математичари, географска секција и сл.
Низ слободните ученички активности се создаваат претпоставки за индивидуализација на воспитно-образовниот процес, за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способностите на учениците.

**Според карактерот и содржината на работа, слободните ученички активности се застапени како:**

- Слободни активности за проширување и продлабочување на знаењата и способностите на учениците;
- Културно-уметнички активности
- Спортски активности.

**Задачите на слободните ученички активности се:**

- Да се поттикнува и негува детската љубопитност, сознајните способности и креативноста на учениците;
- Учениците да се воведуваат во задачи кои бараат поголема самостојност во нивното извршување;
- Да се создаваат навики кај учениците за правилно и рационално користење на слободното време.

## 9.3. Акции

Основен приоритет  на оваа задача е позитивниот однос кон работата, негување и одржување на заедничкото, почитување на човечкиот труд, средствата за производство како и резултатите од вложениот труд. Преку реализиција на активностите учениците треба да се стекнат со основни знаења, навики и нивна примена во производствените и другите општествено-хуманитарни работи, одржување на хигиената во училиштето и во неговата околина. Активностите ја поттикнуваат хуманоста и еколошките навики кај учениците.

Во тој прилог во училиштето ќе се превземаат следните активности:

- одржување на училиштето преку уредување на училниците и кабинетите, ходниците, училишната зграда и училишниот двор
- во локалната средина со учениците ќе се изведат разновидни акции од еколошки карактер
- за укажување на помош на социјално загрозени ученици во училиштето ќе бидат организирани собирни акции во соработка со Црвениот Крст- Делчево
- организирање на хепенинзи и базари

| Цели | Содржини и активности | Реализатор | Време | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за спроведување активности поврзани со општествено хуманитарна работа во училиштето | -Формирање на тим за општествено-хуманитарна работа;<br>-Изготвување на годишна програма за работа на тимот; | Стручни соработници<br>Одд. наставници<br>Одд.раководители | Август | Успешна реализација на планираните активности |
| Откривање и грижа за учениците од социјално загрозените семејства | Соработка со релевантни институции (Центар за | Стручни соработници<br>Одд. наставници<br>Одд.раководители | Октомври | Преглед и евиденција на учениците од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Социјални работи, социјални патролни работници, Црвениот Крст на Македонија) | | | социјално загрозените семејства |
| Континуирана поддршка на учениците од социјално загрозените семејства | -Организирање собирни хуманитарни акции за учениците од социјално загрозените семејства (облека и храна) | Директор<br>Одд. наставници<br>Одд.раководители<br>Стручни соработници | Во тек на годината | Подобрување на личниот, социјалниот и емоционалниот статус на учениците |
| Вклучување на сите вработени и ученици во активностите за одржување и уредување на просторот во училиштето и училишниот двор | -Садење садници ;<br>-Отстранување на сметот;<br>-Собирање стара хартија, пластика... | Директор<br>Одд. наставници<br>Одд.раководители<br>Стручни соработници<br>Ученици | Во тек на годината | -Чиста и здрава околина<br>-Поголем интерес за собирање на материјали за рециклирање |
| Вклучување на локалната заедница,стопанските и производствени субјекти и родителите на учениците | Учество на локалнатазаедница, компаниите и родителите во активностите од општествен и хуманитарен карактер | Директор<br>Стручни соработници<br>Одд. наставници | Во тек на годината | Развиени чувства за одговорност и солидарност<br>Почит кон општествената сопственост |
| Одбележување на значајни настани, празници и јубилеи и организирање хуманитарни акции | Организирање манифестации и хепенинзи | Директор<br>Одд. наставници<br>Одд.раководители<br>Стручни соработници<br>Ученици | Во тек на годината | Развиена свест за значењето на општествено хуманитарната работа |

Пограмата за општествено хуманитарна работа е дадена во **прилог.**

**Критериум за успех:** Подобрување на личниот, социјалниот и емоционалниот статус на учениците, развиени чувства за одговорност и солидарност кај учениците, почит кон општевената сопственост;

**Иструменти:** анкети, листи за евиденција, извештаи и анализи;

**Индикатор за успешност:** изготвени и реализирани планови,собрани материјални и парични средства, собран пластичен материјал за рециклирање;

**Одговорен за следење:**Тим, одговорни наставници, хаусмајстор;

**Повратна информација:** извештаи од спроведени хуманитарни акции и манифестации.

**Еко-патроли**

За реализација на дел од активностите планирани во еколошката програма (одбележување на значајни еколошки датуми, следење на состојбата со животната средина,одржување на здрава и чиста животна средина, дистрибуција на изработени летоци и флаери и сл. активности) редовно се спроведуваат еко-патроли од стана на учениците од различни возрасни групи.
Активностите на еко–патролата ќе се фотографираат, документираат во пишани извештаи, а по потреба ќе се прави и видео запис од истите. Еко–патролите се формираат од ученици кои посетуваат настава во IV и V одд.од одделенска настава и VIII и IX одд. од предметна настава. Секоја Еко–патрола е составена од 6 ученици, нивната задача е за време на одморите и во текот на училишниот ден да патролираат во училишниот двор и во училиштето (холот,училниците и тоалетите), а членовите на еко-патролата да водат еко-дневник и да го информираат еко-координаторот за сите еколошки активности. да погледнат дали отпадоците се оставаат на соодветно место и како се користат водата и електричната енергија.Учениците од Еко-патролата можат да ги предупредуваат учениците кои не ги почитуваат еко- правилата за зачувување на здрава и чиста околина.Тие изготвуваат извештај со кој ќе го известат одговорниот наставник за еко–проблемите кои ќе ги воочат во училишниот двор и во училиштето, а тој неделно треба да поднесе извештај до координаторот на еко-одборот.

## Еко календар за учебната 2025-2026 година

| Датум | Одбележување на настан |
|---|---|
| 16 септември | Светски ден за заштита на озонската обвивка |
| 22 септември | Меѓународен ден без автомобили |
| 26 септември | Светски ден на чисти планини |
| 08 октомври | Мегународен ден на намалување на уништувањето на природата |
| 15 октомври | Меѓународен ден на пешачењето |
| 16 октомври | Светски ден на храната |
| 20 октомври | Светски ден на јаболкото |
| 05 март | Светски ден за заштеда на енергија |
| 21 март | Ден на екологијата |
| 22 март | Светски ден на водите |

| | |
|---|---|
| 07 април | Ден на здравјето |
| 22 април | Светски ден на планетата Земја |
| 15 мај | Светски ден за заштита на климата |
| 31 мај | Светски ден против пушењето |
| 05 јуни | Светски ден за заштита на животната средина |

## 10. Ученичко организирање и учество

Во нашето училиште Ученичкиот парламент активно работи и нејзините активности се од големо значење за воспитно-образовниот процес кај учениците. Ученичкиот парламент на училиштето ги опфаќа учениците од VI - IX одделение. Активностите на ученичкиот парламент се реализираат според годишниот план и програма која ја изготвуваат учениците во соработка со директорот и стручната служба. Некои од активностите на УП се реализираат во рамките на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието. Посебно внимание се посветува на потребата од и начинот на формирање на ученичките тела на ниво на паралелки, како и на формирањето и функционирањето на УП (користење на нацрт прирачникот за демократско учество на учениците во училиштето-МИО).

Состаноците на УП се одржуваат еднаш во месецот, по потреба и неколку пати. Ученичкиот парламен: активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците; го промовира ученичкиот активизам, учествува во активности за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби, во реализација на наставата и воннаставните активности, учествува во подготовката на годишната програма за работа, дава предлог активности за годишните програми за екскурзии, дава предлози за воннаставни активности на училиштето, дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард, учествува во евалуација на работата на училиштето, преку свои претставници учествува во совет на родители и наставнички совет и организира и учествува во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа. Помеѓу учениците, наставниците, директорот и стручната служба постои голема соработка и комуникација, кои истовремено даваат и голема помош и поддршка на работата на Ученичкиот парламент на училиштето.

Ученичкиот парламент овозможува учениците да бидат активно вклучени во училишниот живот, да го искажат своето мислење и самостојно да ги решаваат проблемите поврзани со нивниот живот и работа во училиштето

## 11. Вонучилишни активности

### *11.1 Екскурзии, излети и настава во природа*

Ученичките екскурзии ќе се организираат за проширување и продлабочување на знаењата на учениците од одделни воспитно - образовни подрачја и наставни предмети, како и заради спортување, рекреација и други видови педагошко организирање на слободното време на учениците.

Екскурзиите што се во непосредна функција на наставата (наставни екскурзии) ќе се изведуваат во рамките на задолжителни наставни денови, што треба да се ги исполни училиштето во текот на наставната година. Екскурзиите ќе се изведуваат според правилникот на начинот на изведување на ученички екскурзии. По однапред изготвени програми од страна на стручен тим формиран од училишниот одбор, а во програмите ќе бидат застапени следните елементи:

– Воспитно образовни цели
– Задачи
– Содржини и активности
– Раководителот, наставниците , учениците
– Времетраење на екскурзијата
– Локациите на посета и правците на патување
– Техничка организација и
– Начините на финансирање

Училиштето ќе организира екскурзии во учебната година во траење од еден до три дена и тоа:

- За учениците од трето одделение - 1 ден
- За учениците од шесто одделени - 2 дена
- За учениците од завршното одделенине - 3 дена

Советот на родители на родителските средби се очекува да даде голем придонес во организирањето на екскурзииите и за таа цел и оваа учебна година ќе бидат носители во организирањето и реализирањето на екскурзиите (се мисли на прибирање на податоци и избор на најповолен понудувач).

Екскурзијата ќе биде организирана доколку во неа учествуваат најмалку 50% од учениците за кои е наменета, а учениците кои нема да учествуваат во екскурзијата ќе бидат вклучени во други облици на воспитно -образовната работа во училиштето.

Во продолжение на програмата ќе бидат презентирани програмите за изведување на ученичките екскурзии што се планираат оваа учебна година.

***За ученички екскурзии од наставно - научен карактер***

***III одделение***
Планирана еднодневна екскурзија на одредена релација

***VI одделение***
Планирана дводневна екскурзија на одредена релација

***IX одделение***
Планирана тридневна на одредна релација

Наставата во природа се организира во траење од три до пет дена еднаш во учебната година.
Кампирањето може да се организира во траење од пет до седум дена еднаш во учебната година.
Летните и зимските школи, летувањата и зимувањата може да се организираат во траење од седум до десет дена еднаш во учебната година. Зимувањето и летувањето се изведуваат надвор од училиштето заради постигнување на рекреативни и социјализациски цели.

***ПРОГРАМА***

***За ученички екскурзии од научно – наставен карактер за учениците од I до IX одд.***

Планиранни се две екскурзии (излети) во блиската околина на Делчево и тоа во септември и мај.

Преглед: ***Број и видови екскурзии***

| Вид на екскурзија | Број | Време | Место | Ученици | Денови |
|---|---|---|---|---|---|
| Наставно – научен карактер | 2 | Септември, мај | Блиска околина | 1 – 9-то одделение | 1 |
| | 1 | Мај | Република Северна Македонија | 3-то одделение | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Наставен карактер | 1 | Мај | Република Македонија | 6-то одделение | 2 |
| | 1 | Октомври, мај | Република Северна Македонија | 9-то одделение | 3 |
| Слободни активности: | | | | | |
| Настава во природа | 1 | Април, мај | Република Северна Македонија | 5 - то одделение | 3 – 5 |
| Кампирање, летни и зимски школи, летувања и зимувања. | 1 | За време на летниот и зимскиот распуст | Република Северна Македонија | 6-9-то одделение | 5 – 7 |

Тим за изработка на програмата за екскурзии:

Горан Велков – директор

Борче Марков – одделенски раководител во трето одделение

Сашко Ивановски – одделенски раководител во шесто одделение

Билјана Стоиловска – одделенски раководител во деветто одделение

## *11.2 Податоци на учениците од основното училиште вклучени во вонаставни активности*

Во вонучилишните активности учениците се вклучени во различни активности:

I – III одд. – 10 ученика се вклучени во фолклорна група при НУЦК ,,Никола Ј.Вапцаров’’ – Делчево

I – III одд. – 17 ученика се вклучени во КУД ,,Гоце Делчев’’ – Делчево

I – III одд. – 23 ученика се вклучени во спортски клубови

VI – IX одд. – 6 ученика се вклучени во драмска секција

VI – IX одд. –45 ученика се вклучени во спортски клубови

## *12. Натпревари на учениците*

Натпреварите играат значајна улога во развојот на личноста на секој ученик. Тие, покрај воспитната компонента, го развиваат натпреварувачкиот дух, мотивираноста, издржливоста, чувството на припадност и тимскиот дух. Тоа на учениците им ги отвора можностите за стекнување нови видици, контакти и другарства. Учениците кои се истакнуваат со своите интереси, активности и вештини во одредна област имаат можност тоа да го презентираат и докажат на ученичките натпревари, организирани од училиштето или акредитирани здруженија од одредена област, како и меѓународни признати акредитирани институции.
Како и секоја година, нашето училиште најпрво ќе организира училишни натпревари кои ќе овозможат понатамошно учество на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари. Дел од предвидените активности се и учествата на литературни и ликовни конкурси.
Училиштето во текот на учебната година определува кои училишни натпревари и во кој период од учебната година ќе ги организира. Најуспешните ученици од овие натпревари ќе земат учество на понатамошните натпревари од повисок ранг.
Планот за реализирање на училишните натпревари се истакнува на огласните табли во училиштето, како и во соодветните кабинети. Исто така, јасно се пропишуваат и истакнуваат правилата за тоа кои ученици имаат право да земат учество на училишните натпревари.
Секој ученикот кој:
- покажува интерес, одговорност, исполнителност во одредена област
- се истакнува со високи постигнувања во редовната настава
- редовно ја посетува додатната настава
- има тимски и натпреварувачки дух со што има капацитет и способност да се носи и со успеси и со порази и тие нема да влијаат негативно на неговата самодоверба има право да се пријави, т.е. да учествува на претстојниот училиштен натпревар во таа област.
Дел од учениците се здобиваат и со директно учество на натпреварите од акредитираните здруженија поради освоени високи награди од претходните натпреварувања, со што тие се ослободуваат од училишните натпревари.
Резултатите од спроведениот училиштен натпревар ќе се истакнат на огласна табла најдоцна една седмица по одржаниот натпревар. По спроведувањето на училишниот натпревар се изготвува записник со резултати и заклучоци.
Начинот на спроведување на училишниот натпревар се спроведува согласно однапред предвидени правила кои се состојат од:
- Јасно поставени критериуми за учество на натпреварите
- Поставување отворен список за пријавување од страна на учениците во период од една седмица пред одржувањето на училишниот натпревар
- Избор на комисија од соодветни предметни наставници
- Изготвување стандардизирани задачи од повисоко ниво на знаење од дадената област
- Договарање време, место и времетраење на натпреварот
- Спроведување на натпреварот во беспрекорно тивка атмосфера
- Присуство на комисијата на натпреварот

По извршеното рангирање од училишниот натпревар, најдобрите одат на натпревар од повисок ранг согласно пропишаните квоти.

Ученикот има право да се откаже од понатамошните натпреварувања, а неговото место го зазема пониско рангираниот ученик веднаш до него.
Учениците кои земаат учество на натпреварите од повисок ранг се водени и следени од наставник-ментор.

Видови натпревари на реализација во учебната 2025/2026 год:

-општински натпревари по предмети: техничко образование, информатика, музичко образование и физичко и здравствено образование.

-регионални натпревари: македонски јазик, англиски јазик, германски јазик, математика, физика, хемија, историја, географија и физичко и здравствено образование;

-државни натпревари: англиски јазик, германски јазик, математика, физика, хемија, историја, географија, техничко образование и физичко и здравствено образование;

-меѓународни натпревари: математика

## *13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализамот и меѓуетничка интеграција*

Наставниот план за основното образование ги содржи принципите на мултикултурализмот. Мултикултурализмот и добрите меѓуетнички односи се важни карактеристики на квалитетното образование. Мултикултурното образование ги вклучува следниве пет димензии: 1. Интеграција на содржина; 2. Процес на создавање знаење; 3. Намалување на предрасудите; 4. Педагогија на праведност и 5. Поттикнувачка училишна култура и структура. Во училиштето наставата се одвива на македонски јазик и најбројни се Македонците. Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Сите ученици без разлика на способностите, полот, етничката и верската припадност се прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Во училиштето се организират повеќе наставни и воннаставни проектни активности во кои се вклучени ученици од сите етнички зедници од I до IX одделение, наставници и родители. Овие активности придонесуваат да се развиваат вредностите кај учениците за заедничко живеење, почитување на разликите меѓу луѓето и традициите, а исто така се подобрувааи соработката меѓу учениците, наставниците и родителите од различна етничка припадност. На тој начин се зајакнува атмосферата на меѓусебно разбирање

и почит меѓу сите индивидуи и заедници и се развива свеста за прифаќање на различноста и почит кон различните јазици, културата и обичаите на другите етнички заедници. Училиштето соработува со партнер училиштето ОУ„Алија Авдовиќ“, с.Батинци, Студеничани, во кое наставата се одвива на албански јазик. Примарна цел на партнерството е оспособување на учениците за соживот во мултикултурното општество, која се остварува преку активности низ кои учениците се ангажираат во размена на култури, традиции, заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта преку посети на културни и образовни манифестации, празници, изложби, разни еколошки акции и др. Во училиштето се реализираатразни видови активности преку кои учениците осознаваат нови обичаи и култури за свои соученици од различни етнички заедници. Ученици од сите етнички групи и различна полова припадност се вклучени и во различни спортски натпревари организирани во самото училиште како и во другите училишта на ниво на општина Кисела Вода и во градот Скопје. Меѓу нив можеме да ги наброиме натпреварите во фудбал, кошарка, одбојка, шах, есенски крос, возење ролерки и велосипеди и останати спортски настани. Дел од активностите на проектот се реализираат во рамките на работата на Училишната заедница на училиштето и нејзините тела. Ученичката заедница го поддржува демократското учество на учениците во училиштето т.е принципот на активно учество на учениците во животот на училиштето, кое подразбира: обезбедување атмосфера и услови и градење механизми и процедури.

## *14. Проекти што се реализираат во училиштето*

Нашето училиште учевствува во неколку проекти:

1. **ПРОЕКТ реализиран од МОН за Меѓуетничка интеграција**

   Од Министерството за образование и наука нашето училиште доби потврда за заедничка соработка со партнер училиштето од Скопје ООУ„Живко Брајковски“, преку јавниот повик за доделување на средства за реализација на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикулурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција во основните и средните училишта во вредност од

   30 000ден.

Оновната цел на овие грантови е промовирање на добрите практики за активности во кои се негуваат хармонични односи кои се темелат на почитување на разликите, и притоа градејќи едно мултиетничко и мултикултурно општество со што се овозможува градење на современи, успешни и ефективни воспитно-образовни установи кои ќе ги промовираат мултиетничките и мултикултурните вредности, индивидуализираниот пристап кон учениците, позитивна емоционална клима и конструктивна повеќенасочна комуникација во пријатен и поттикнувачки училишен амбиент.

2. **ПРОЕКТ Нула Отпад ДОО Скопје**

   Нашите ученици што го прифатија предизвикот во голем број и што дадоа значаен допринос за подигнување на јавната свест за селекција и рециклирање на опасниот отпад.♻️🔋✔️ Сите ученици кои учествуваа во предизвикот добија Еко диплома од Нула Отпад за направено еко истражување и заштита на животната средина и подароци со еко апликации.👏 Стручен тим на Нула Отпад ДОО Скопје.Поблиску до граѓаните и чиста и здрава животна средина.

   Еко линија како достапен сервис за граѓаните и компаниите на бесплатен, безбеден и лесен начин да се ослободат од електронскиот отпад.

   Овој проект и соработката со Нула Отпад ќе продолжи и оваа учебна 2025/2026 год

3. **Изградба на енергетски ефикасна фасада за што имаме одобрено средства од Владата на РСМ**.
4. Проект од редовно на часови: Акција за вклучување на ромите во основното образование, Фондација отворено општество на Македонија, заедно со своите партнери Фондација чекор по чекор и здружение Центар за образовна поддршка.

## *15.ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ*

### *15.1 Постигнување на учениците*

Училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност и наставни предмети. Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, исто така изготвуваат и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети и паралелки за три години station наназад. Со цел подобрување на резултатите во постигањата на учениците училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат и организира дополнителнанастава.

Во рамките на активностите за подобрување на постигањата на учениците, родителите на учениците кои имаат три и повеќе слаби се повикуваат на советување кај психологот на училиштето како и самите ученици. Покрај непосредно, учениците и индиректно добиваат совети како поефикасно да учат и поуспешно да го совладаат наставниот материјал. Исто така, редовната настава во континуитет се унапредува со нови проекти, техники и методи на работа .

Училиштето во оваа учебна година ќе посвети особено внимание на промовирање на постигнувањата на учениците и тоа ќе им го овозможува , како преку редовната настава, така и преку вонаставните активности.

Училиштето креира политика за поттикнување на наставниците и учениците за што поголемо учество на натпревари на локално, регионално и државно ниво.

### *15.2 Професионална ориентација на учениците*

Училиштето планира и превзема конкретни активности за *професионална ориентацијана учениците*. Целта на сите активности е навремено и правилно професионалнон информирање и ориентирање на учениците, учениците да се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта , со структурите и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби научениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор наструка и занимање. На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на нивното осбовно образование.

Стручните соработници задаваат прашалници за самопроцена на интересите и способностите на учениците, со цел на учениците да им се даде помош за правилен избор на струки и занимања.

Се организираат и презентации на занимања од државните и приватните средни училишта од градот преку кои учениците се запознаваат со условите и критериумите за упис во средно образование.

**Тим за професионална ориентација:**

Психолог: Дејан Глинџарски

Педагог: Билјана Дончевска

Одделенски раководител во деветто одделение: Билјана Стоиловска

### *15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација*

Заштитата на децата/учениците од насилство во воспитно образовните институции е сеопфатен и сложен процес во која треба да бидат вклучени сите вработени во училиштето, децата/ученици, родители/старатели, како и локалната заедница и институциите.Приоритетна задача на училиштата, како и на сите други институции кои се грижат за децата е создавање на услови за безбедно растење, развој и заштита на децата од насилство. Насилството, злоупотребата и занемарувањето ги загрозуваат здравјето, развојот и достоинството на децата/учениците, што претставува повреда на основните детски права.

**Првата цел** е превенција на насилно однесување во училиштето односно мерки и активности за создавање безбедно, сигурно и заштитено опкружување, почитување на различностите, конструктивна комуникација и следење на правила на однесување пропишани преку Статутот и интерни акти во училиштето за забрана на насилничко и дискриминаторско однесување (кодекс на однесување на учениците во училиштето, протокол за справување со насилничко однесување). За спроведување на оваа цел, планирани се следниве активности:

• Презентирање на кодексот на однесување на учениците во училиштето,правилникот за изрекување на педагошки мерки пред учениците и родителите и усвоената постапка за справување со насилничко однесување,

• Објавување на Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемерување на протоколот за справување со насилничко однесување на web страницата на училитето,

• На секое ново вработено лице му се доставува протокол за справување со насилничко однесување,

• Зајакнување на капацитете, улогата и надлежностите на вработените во спроведување на мерки и активности за спречување и заштита од насилство преку приклучување на експерти од областа со свои предавања и обуки,

• Едукативни работилници/презентации/предавања/предавање за родители за сите видови на насилство од прво, второ и трето,

• Едукација и подигање на свеста на уцениците

**Втората цел** се однесува на препознавање на насилството и детекција на учениците кои вршат насилство. За реализирање на оваа цел,планирани се следниве активности:

• Препознавање на насилното однесување преку набљудување на промени кај уцениците: физички, емотивни, промени во однесување...

• Распоред со дежурства на наставници на критични точки во училиштето

• Анонимна анкета за детекција на видови насилство во училиштето и учениците кои вршат насилство

• Поставување кутија за анонимно пријавување

• Поставени камери во холови и ходници

• Соработка со надлежни институции: МВР, Меѓуопштински центар за социјална работа, здравствени установи, Народен првобранител,

• Утврдена постапка за пријавување на насилно однесување

• Преземање активности за прекин на насилно однесување и обезбедување сигурност на ученикот

**Третата цел** на програмите опфаќа заштита и промена на однесување и обезбедување сигурност на ученикот. За реализирање на оваа цел, планирани се следниве активности:

• Евиденција на учениците кои вршат насилство

• Формирање на тим на поддршка на ученикот Советодавна работа,психо-социјална помош и следење на ученикот сторител

• Советодавна –консултативна работа со родителот

• Изрекување на педагошки мерки

• Вклучување на претставници од Меѓуопштински центар за социјална работа, МВР, здравствени установи по потреба

**Четвртата цел** на програмата опфаќа психо социјална помош и заштита на учениците кои се жртви на насилство. За реализирање на оваа цел планирани се следниве активности:

• Евдиенција на учениците кои се жртви на насилство

• Пријавување во Меѓуопштински центар за социјална работа

• Советодавна работа, психо социјална поддршка и следење на учениците жртви на насилство,

• Вклучување на надлежни институции по потреба Реализатори на оваа програма се одделенски и предметни наставници, стручни соработници и Директорот  а одговорно лице за следење е координаторот на тимот за промоција на добросостојба на ученицит, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

**Постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство злоупотребување и занемерување**

Принципи според кои се спроведува постапката:

• Најдобар интерес на детето

• Почитување на различностите и забрана за дискриминација

• Почитување на правото на самоопределување

• Учество

• Приватност

• Доверливот

• Жртвата не е виновна

• Пропорционалност

• Информираност

• Стручност и одговорност

• Должно внимание

• Забрана за непотизам и корупција

**I. Препознавање и пријавување на насилство**

• Било каков вид насилство се пријавува кај контакт лице (стручен соработник) за пријавување на насилство или кај било кој вработен во училиштето во кој што ученикот има доверба

• Сите ученици, вработени во училиштето се должни да пријават насилство без разлика каде се случило (во училиштето, на патот до училиштето, во училишен двор, во домот на ученикот или било кое друго место)

• Наставниците, стручните соработници, директорот треба да поседуваат знаења, вештини за препознавање на насилството, да обездат извор на информации за појавата на насилното однесување, да внимаваат каде се случува, да знаат да утврдат дали некој ученик е жртва на насилство и дали некој ученик се однесува насилно

**II. Прибирање на информации**

• Разговор со ученикот кој е жртва на насилно однесување

• Разговор со учесниците сторители во насилното однесување

• Разговор со учениците сведоци на насилството или кој било друг ученик или засегнат возрасен од насилството

• Информирање на одделенскиот раководител, родителите и стручната служба за учениците кои се жртва на насилно однесување и учесниците сторители.

**III. Прекинување на насилство и смирување на ситуацијата**

• Запирањето на насилството е обврска на секој вработен кој ја добил информацијата и вработените се должни веднаш да го прекинат насилството и да превземат активности за смирување на ситуацијата

• Информирање на контакт лицето

• Во зависност од формата на насилството, прво , второ, трето ниво по потреба се вклучуваат и други институции МВР, Меѓуопштински центар за социјална работа, здравствени установи

**IV. Советодавна – консултативна работа**

• Советодавна – консултативна работа со ученикот кој е жртва на насилно однесување

• Советодавна – консултативна работа со учесниците сторители во насилното однесување

• Советодавна – консултативна работа со родителите на учениците кои се жртва на насилно однесување и родителите на ученици сторители во насилното однесување

**V. Заштита од насилство и промена на однесувањето на сторителот**

• Изготвување на писмен план за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот во кој по потреба се вклучуваат и други лица (наставници, стручни соработници, директор, претставници од други институции, здруженија)

• Изготвување на писмен план за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот во кој задолжително се вклучени претставници од Центарот за социјална работа, МВР, здравствени институции

• Мерки за промена на однесувањето на сторителот (психосоцијална, социјална поддршка од страна на училишен психолог, упатување на родителите/старателите на психо – социјално советување во надлежна установа)

• Изрекување на соодветна педагошка мерка, член 72 од ЗОО

• Следење на ефектите од педагошките мерки од страна на одделенските наставници и раководители и стручните соработници

• Преместување на жртвата во друга паралелка или училиште по сопствена желба

• Преместување на сторителот во друго училиште ( не како педагошка мерка)

• Мерки за поддршка на набљудувачите/сведоците

**VI. Водење на евиденција за појавата на насилното однесување**

• Евидентирање на секој случај на насилство од страна на контакт лицето во формуларите за евиденција, формулар за план за заштита на жртвата од насилството и промена на однесувањето на сторителот

• Евидентирање на насилното однесување во евидентен лист за дежурен наставник

**VII. Меѓусекторска соработка**

• Вклучување на претставници од други институции при појава на насилство МВР, Меѓуопштински центар за социјална работа, Министерство за труд и социјална политика, здравствени установи, Министерство за здравство, здружение на граѓани кои нудат бесплатна правна помош, Народен првобранител • Вклучување на претставниците од локална самоуправа

## 16.ОЦЕНУВАЊЕ

### 16. 1 Видови оценување и календар на оценување

Оценувањето, поучувањето и учењето се меѓусебно поврзани делови на наставниот процес.Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и бројчано во три периоди:

Во првиот период се опфатени ученици од I-III одделение и се оценуваат описно.Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето.

Во вториот период се опфатени ученици од IV-VI одделение и се оценуваат описно и бројчано. На крајот од првото и третото тромесечие добиваат описни оценки, а на полугодие и на крајот од учебната година добиваат нумерички оценки се со цел полесно адаптирање кон преминот во третиот период на деветгодишното образование.

Во третиот период се опфатени ученици од VII-IX одделение и се оценуваат само со нумерички оценки.

Предмет на оценување е напредувањето на ученикот во постигнувањето на воспитно – образовните цели под влијание на наставниот процес и другите воспитно – образовни активности, утврдени со планот и оваа програма, односно определување на вредноста на неговите постигања. При определување на оценка ќе се земат предвид обемот и квалитетот на усвоените знаења, работните навики, оспособеноста за примена на знаењата и развојот на способностите на ученикот. Ќе се следи, проверува и ќе се оценува оспособеноста за практична примена на знаењето во нови ситуации, ќе се испитуваат способностите, интересите, ставовите и други црти на личноста на ученикот. Ќе се посвети внимание на вистинското следење на целокупниот развој на личноста на ученикот. Оценувањето, пред се ќе има за цел да ги подобри учењето и постигнувањето на учениците. Тоа поаѓа од целите на оваа програма и ќе ги зема во предвид начините на учење и поучување, учениците однапред ќе бидат запознаени со тоа што се очекува да го научат и она што ќе биде оценувано. На учениците ќе им се објасни зошто се проверуваат и оценуваат нивните постигнувања и како добиените резултати ќе се користат. Во наставата централно место ќе има следењето на учењето на ученикот и формативното оценување. Процесот на проценка и бодирање на постигањата на учениците ќе биде соодветен на методот на оценување и ќе се спроведува според воспоставени процедури и упатства. Учениците, исто така, ќе бидат соодветно информирани за начинот на кој ќе се бодираат нивните одговори при оценувањето на постигањата. Информирањата за сознанијата од оценувањето ќе бидат навремени, јасни, точни и употребливи за заинтересираните субјекти и институции. Оценувањето треба да обезбеди целосни информации за постигањата на учениците, па затоа

е континуиран процес и е составен дел од наставниот процес на учењето и поучувањето и ќе се базира на користење на повеќе различни методи и техники.

### *16.2 Тим за следење, анализа и поддршка*

Следењето на напредувањето на учениците се следи како од наставниците така и од страна на стручната служба на училиштето и директорот. Учебната година е поделена на четири класификациони периоди, кога се врши разгледување и анализирање на успехот, редовноста и дисциплината на учениците, која се согледува од дневниците кои се водат за секоја паралелка поодделно. Така се собираат податоци кои ја карактеризираат континуираноста на оценувањето, дидактичката разновидност на формите, методите и средствата за оценување, разработеноста на критериумите за оценување и се предлагаат мерки за развој и унапредување на наставниот процес во функција на подобрување на успехот.

Стручната служба на училиштето и директорот постојано го следат начинот на оценување преку редовна посета на часови и делуваат советодавно кај наставниците кај кои ќе забележат одредени недостатоци. По завршените разговори со учениците повторно се врши контрола со цел да се види дали е променет начинот на оценување.

## *16.3 Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно – образовниот кадар*

Имајќи предвид дека квалитетот на наставниците е најважен училиштен фактор за постигањата на учениците, од нив се очекува постојано да ги надградуваат своите професионални компетенции. Во тој контекст се очекува од наставниците/стручните соработници постојано професионално да се развиваат, а од училиштата на систематски начин да ја следат нивната работа и да им обезбедат услови за континуирано стручно усовршување.

Прв увид во планирањата на наставата ќе се прави по доставувањето на планирањата во училиштето, на почетокот на учебната година. Тој има за цел да провери колку квалитетно наставникот ги подготвува подолгорочните планирања (процесно - развојните планирања) и какви приоди користи во дневните планирања и навремено да му се даде на наставникот поддршка доколку се оцени дека таа му е потребна. Наредните увиди се во реализацијата на наставата во текот на учебната година од страна на директорот и стручните соработници (педагог и психолог). Пред увидот во реализацијата на наставата ќе се одржи средба со наставникот на која тој се информира за целта на увидот.

При следењето на часот, се вреднуваат планирање и подготовка за час, организација, тек и изведба на часот, комуникација со учениците, оценување на учениците, создавање безбедна и стимулативна средина за учење. Наставниците до директорот и стручната служба на училиштето доставуваат извештаи за реализирани вонnаставни активности**.** Директорот на училиштето при крајот на учебната година ги прегледува извештаите за реализација на воннаставните активности и бележи коментари. Наставникот има увид во коментарите на директорот и доколку има потреба ги дискутира на средба што може да биде посебно организирана за тоа. Коментарите од директорот и/или сознанијата и договорените активности наставникот ги има предвид при планирањето на професионалниот развој за наредната година.

## *16.4 Самоевалуација на училиштето*

Согласно законот за Основно образование училиштето на секои две години спроведува самоевалуација на целокупната работа во текот на две учебни години. Самоевалуацијата се спроведува во три фази:

- подготвителна фаза (се врши определување на методи, техники и инструменти за самоевалуација и се средува потребната документација за вршење на самоевалуацијата);

- фаза на реализација (се врши анализа на податоците и документацијата, се добиват и се усогласуваат добиените наоди , се подготвуваат поединечни извештаи и за самоевалуација и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација);

-фаза на известување и усвојување (се обезбедува достапност на нацрт извештајот за Наставничкиот совет, Совет на родители, ученици, директорот на училиштето и Училишен одбор кои можат да достават забелешки за нацрт извештајот за спроведената самоевалуација).

Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени сите наставници кои работат во тимови поделени по подрачја. Врз основа на Извештајот од извршената самоевалуација со предлог за подобрување на квалитетот на наставата, училиштето изготвува План за развој. Учебната 2023/2024 во училиштето е спроведена самоевалуацијата.

Формирани се нови тимови за изработка на самоевалуација на училиштето, ќе почнат со работа во август месец 2025 година.

**Училишна комисија за изработка на самоевалуација на училиштето:**

**Горан Велков,** директор

**Биљана Дончевска,** педагог

**Дејан Глинџарски,** психолог

**Јадранка Цоневска – Дамјановска,** одделенски наставник

**Антонела Манева,** предметен наставник

**Зоран Дамјанов**, родител

# 17. БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Објектот во кој училиштето ја изведува својата редовна дејност се наоѓа во централното градско подрачје, во непосредна близина на Полициската станица и Единицата за ППЗ. Се наоѓа во урбанизиран дел на градот и има непречен приод од сите страни на објектот. Во кругот на училиштето има можност за непречено движење на секаков вид на возила со оглед на тоа што објектот располага со голема дворна површина.

Нашето училиште има тим кој изготви и ќе управува со планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, во кој план се опфатени голем број на мерки за заштита и начини на справување од природни непогоди и други несреќи и има изработено целосна програма со скици на сите простории во централното и подрачните училишта со што полесно ќе се спроведат мерките за заштита и спасување од непогодите и несреќите. Поставени се и знаци за излез на повеќе локации кои јасно ја покажуваат насоката за движење за најлесно и најбрзо да се напушти училишната зграда при одредени несреќи и непогоди.

## 17.1. ПЛАН ЗА ЕВАКУАЦИЈА СО ПРЕДВИДЕНИ ВЕЖБИ НА НИВО НА УЧИЛИШТЕ

Итното напуштање на објектот на училиштето се врши организирано по редослед на просториите утврден по овој план. Постоечките коридори и добриот распоред на влезовите – излезите овозможува движење во исто време на луѓе од замислените групи формирани од просториите кои гравитираат кон секој излез. Напуштањето на објектот го организираат и контролираат сите вработени кои се затекнале во објектот во моментот на елементарната непогода, по следниот редослед:

Евакуацијата се врши низ сите влезови – излезе во објектот и тоа:

- **преку излезот бр.1** на југ од училиштето се евакуираат учениците и вработените што се затекнале во училниците бр.1, 2, 3, 4 – прв кат;

- **преку излезот бр.2** на запад се евакуираат учениците и вработените што се затекнале во училниците бр. 5 и 18 – прв кат;

- **преку излезот бр.3** на запад се евакуираат учениците и наставниците кои се затекнале во училниците бр. 6, 7, 8, 9, 10, 11 – прв кат и училниците бр.19, 20, 21 – втор кат;

- **преку излезот бр.4** на запад се евакуираат учениците и наставниците кои се затекнале во училниците бр. 22, 23, 24, 25, 26 и 30 – втор кат и канцелариите на секретар/архивар, педагошко – психолошката служба, директор и свечена сала;

- **преку излезот бр.5** на исток се евакуираат учениците и наставниците кои се затекнале во училниците бр.12, 13, 14 – прв кат и 27, 28 и 29 – втор кат;

- **преку излезот бр.6** на запад се евакуираат учениците и наставницте кои се затекнале во училниците бр. 15, 16, 17 канцеларијата на помошник директорот, благајна, наставничка канцеларија и чајна кујна;

- **преку излезот бр.7** на запад се евакуираат учениците и наставниците кои се затекнале во просторот за цвеќе;

- **преку излезот бр.8** на исток се евакуираат учениците и вработените кои се затекнале во спортската сала, соблекувалните, канцеларијата на наставниците по физичко и здравствено образование и библиотеката;

По проверката на просториите последни училиштето го напуштаат техничкиот персонал и директорот.

Зборни места – собиралишта по напуштање на објектот низ горенаведените излези е спортското игралиште.




**а) Мапа за евакуација – приземје;**




**б) Мапа за евакуација – кат.**

Оваа учебна година ќе се направи евакуациска вежба на ниво на училиште од природна непогода – земјотрес.

Во училиштето постои тим за прва помош и заштита кој го предводи наставничката Магдалена Златковска, таа е задолжена и за училишната аптека.

Сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес треба во училиштето да се чувствуваат безбедно и сигурно за да можат успешно да ја извршуваат својата работа. И родителите сакаат нивните деца училиштето да го доживуваат како безбедна средина и да се чувствуваат пријатно. За таа цел во училиштето редовно има дежурни наставници.

**Безбедност во училиштето- Програма**

ЦЕЛИ:

Стекнување на знаења и вештини за безбедност на учениците во училиштето и училишниот двор;
Користење на заштитна опрема при реализација на наставните содржини за стекнување на практични вештини;
Означување на сите потенцијално опасни места во училиштето (шахти, штекери, скали, лизгави подови и сл.);
Обука на учениците и вработените за ефикасна постапка во време на елементарна незгода.

| ***Активности за реализација на целите*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Планирана програмска активност** | **Цел на активноста** | **Реализатор** | **Време на реализација** | **Очекувани исходи и ефекти** |
| Осигурување на ученици и вработени | Заштита и сигурност во училиштето и надвор од училиштето , гарантирајќи покритие на евентуални тошоци кои можат да произлезат при потреба од медицинска помош; | Раководен кадар<br>Одделенски раководители<br>Родители | септември | Покритие на евентуални трошоци за медицинска нега; |
| Едукативни предавања:<br>„Човекови права-што е тоа?“<br>„Децата и сообраќајот“<br>„Безбедност на интернет“<br>„Заштита на лични податоци“ | Стекнување на знаења, вештини за безбедност во сообраќајот, на интернет, заштита на лични податоци и сл. | Одделенски раководители<br>Педагошко-психолошка служба<br>ОВР-Виница | октомври-април | Поголема свест за безбедноста во училиштето, сообраќајот, на интернет, заштита на личните податоци и сл. |
| Користење на заштитна опрема | Заштита при реализација на наставни содржини за стекнување на практични вештини | Предметни наставници<br>Ученици | септември-мај | Формирање на навики за користење на заштитна опрема; |
| Означување на сите потенцијално опасни места во училиштето и училишниот двор | Свест за опасни места во училиштето и оспособување на учениците како да се однесуваат | Раководен кадар<br>Техничка служба | септември-мај | Оспособеност на учениците како да ги препознаваат опасните места и како да се однесуваат; |
| Водење на евиденција на влез на странки во училиштето; | Контрола на влез и излез на странки заради поголема безбедност | Техничка служба | во текот на учеб.година | Почитување на куќниот ред во училиштето; |
| Осветлување на училишниот двор; | Поголема безбедност на учениците во попладневната смена | Раководен кадар | во текот на учеб.година | Безбедност во училишниот двор; |
| Поставување на нови видео-камери; | Видео надзорот се врши со цел да се обезбеди заштита на сопственоста и обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето на лица во училиштето; | Раководен кадар<br>Овластено лице за пристап до системот за видео надзор | во текот на учеб.година | Заштита на училишната здрада и училишниот двор од незаконско отуѓување, оштетувања , уништување на опремата и да се спречи присуството на проблематични надворешни лица ; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вежбовна активност и евакуација –одделенска - предметна настава за снаоѓање во вонредна ситуација ( пожар или др. елементарна неопогода) | Оспособување на тимот,вработените иучениците за навремено напуштање на училишната зграда | Тим за планирање, вработени и ученици | Март,Април, 2026 | Навремено напуштање на училишната зградача |
| Евалуација на спроведените активности. | Согледување на позитивните и негативните страни на реализираните активности | Училишен тим | мај-јуни | Отсранување на аномалиите и недосдтатоците |

## *18.Грижа за здравјето*

### *18.1 Хигиена во училиштето*

Посебно внимание ќе се сврти на одржувањето на хигиената во училиштето. Редовно ќе се чистат училишните простории и училишниот двор, а ќе се организираат и акции во кои ќе бидат вклучени и учениците со цел на подигнување на свеста кај учениците за грижа за себе и околината. Техничкиот персонал особено ќе се фокусира на:

- Бришење на прашината на работните површини
- Бришење и миење на тврди подни површини
- Вшмукување на меки подни површини ( тепих ... )
- Собирање на пајажина
- Бришење на рамки на прозорци и врати
- Бришење на влезни и внатрешни врати
- Бришење и миење на стаклени површини
- Бришење на прашината на надворешен дел од мебелот
- Бришење на санитарен простор

За здрава и чиста работна средина се грижат сите учесници во училишниот живот.Техничкиот персонал редовно ги извршува работните задачи така што хигиената во училиштето е на завидно ниво. Во текот на целата година ќе се води грижа за новата санитарната опрема во тоалетите.Сите тоалети и санитарии редовно ќе се дезинфицираат со дезинфекциони средства. Во тоалетите редовно ќе има течен сапун.Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат санитарните простории, да ја одржуваат личната и колективната хигиена. Ходниците и скалите ќе се чистат два -три пати во денот, учлниците редовно ќе се метат, ќе се брише подот, ќе се отстранува отпадот и ќе се проветрува. Мебелот во училниците и канцелариските простории ќе се брише секојдневно. Еднаш месечно ќе се чистат, бришат , стаклените површини, врати, прозорци и друг инвентар. Другиот училишен простор со училишниот дворќе се одржува тековно

чист, хортикултурно среден со поставени корпи за отпад. Со цел за чиста и здрава работна средина училиштето спроведува интерни работни акции за средување на работниот простор и училишниот двор.

### *18.2 Систематски прегледи*

Систематските прегледи се задолжителни за учениците. Тие се вршат во договорени термини во соработка со ЈЗУ- Гоце Делчев.

За сите прегледи навремено се информирани родителите и одд.раководител или предметен наставник кој ќе ги придружува учениците за време на прегледот. При договарање на термините за вршење на прегледите се води сметка истите да се извршуваат во термини после завршување на часовите за да не се попречува наставниот процес. Сите добиени резултати, информации, состојби, укажувања се заведуваат во здравствениот картон и се води грижа за тајност и заштита на податоците.

Возраст на вршење на систематски прегледи:

Задолжителни систематски прегледи се вршат во I, III, V, VII и IX одделение.

Содржина на систематскиот преглед:

1.Општ лекарски преглед:

- мерење на телесната тежина и висина;
- преглед на кожата;
- согледување на постоење на деформитети на локомоторниот систем;
- општ лекарски преглед и преглед по системи (кардиоваскуларен, респираторен, дигестивен, нервен, урогенитален систем);
- давање препораки за понатамошни специјалистички прегледи доколку е потребно;
- прибирање на податоци од наставниците и психологот за успехот и однесувањето на ученикот и давање потребни совети;
- контрола на извршените вакцинации и ревакцинации и преземање мерки за комплетирање на вакциналниот статус

2. Лабораториски преглед

- хемоглобин во крв и
- албумен и билирубин во урина

3. Стоматолошки преглед

- контрола и евиденција на состојбата на забите (млечни, трајни заби, кариес, екстакција и пломба индекс);
- откривање на деформитети и неправилности во развојот на забите и вилиците

### *18.3 Вакцинирање*

Вакцинирањето се врши во Здравствениот дом, а се опфатени учениците на возраст од:

-6 години (I одделение) Мали сипаници, рубеола, заразни заушки (1 доза) – I ревакцинирање

-7 години (II одделение ) Туберкулоза ( со тестирање ) ( 1 доза )Детска парализа ( 1 доза ) ; дифтерија, тетанус ( 1 доза ) - I ревакцинирање; II ревакцинирање; III ревакцинирање 12 години, 2 и 6 месеци после првата доза(VI одделение ); Инфекции со хуман папилома вирус ( HPV) ( само за девојчиња) ( 3 дози ) - вакцинирање

-14 години ( завршна година на основно училиште ) Рубеола ( само девојчиња ) ( 1 II ревакционирање доза ); Детска парализа ( 1 доза ) ;Дифтерија, тетанус (доза ); III ревакцинирање; IV ревакцинирање

Одговорни лица од училиштето се директорот ( кој договара за времето на реализација ) и одделенскиот раководител. Наведените активности ќе се реализираат според програма за грижа за здравјето на учениците.

### *18.4 Едукација за здрава исхрана*

Се реализираат активности од кампањата „Здрава храна за детство без мана“ со цел едукација на учениците за здравата исхрана, подигање на свеста, подигање на училишниот активизам, промоција и вклучување на родителите одбележувајќи го меѓународниот ден на храната на 16 Октомври.Во рамките на класните часови и при реализација на наставни содржини учениците ќе се запознаваат со начините за здрава исхрана.

Оброците во училиштето ги избираат советот на родители и училишниот одбор  по претходно добиени понуди. При изборот се внимава на квалитетот и обемот на оброкот.

### *18.5 Унапредување на менталното здравје на адолесцентите во образовниот систем*

Менталното здравје подразбира емоционална добросостојба, добра прилагоденост на однесувањето – низ реалтивна ослободеност од анксиозност и попречувачки симптоми, како и капацитет да се воспоставуваат конструктивни односи и да се справиме со вообичаени секојдневни животни ситуации и стресови. Светската здравствена организација менталното здравје го дефинира како емоционална, психолошка и социјална добросостојба во која индивидуата ги реализира своите потенцијали, може да се справи со нормалните стресови во животот, може да учи и работи продуктивно и е способна да придонесува за заедницата.

Менталното здравје на младите има директни импликации по нивната самодоверба, одлуките кои ги носат и однесувањето (пр. редовноста во училиштето, мотивацијата за учење, училишно постигнување и сл.) Адолесценцијата е период во кој детето се развива во возрасна личност, проследен со длабоки промени во биолошката, психосоцијалната, когнитивната и емоционалната сфера. (Рана адолесценција е од 10 – 14 години, средна адолесценција е од 15 – 16 години и доцна адолесценција е од 17 – 18 односно 20 години). Децата во целиот овој развој имаат потреба од активна поддршка и водство, за успешно надминување и справување со предизвиците со кои се соочува адолесцентот.

Училиштето е микросистем кој за својот успех се потпира на потенцијалите за учење и развој на сите членови на училишната заедница, пред се на учениците.Унапредување на менталното здравје и добросостојба се потпира на искористеноста на развојните ресурси на учениците и на квалитетната понуда на средината во која тие поминуваат најголем дел од своето време. Се поголема е потребата училиштето да ги надгради своите образовни цели и  како приоритет да го вклучи унапредување на здравјето, а со тоа да ја зголеми можноста сите членови на училишната заедница да живеат здраво, квалитетно и во склад со себе и со своите способности. Позитивната училишна клима се огледува и во квалитетот и оддржливоста на интеракциите помеѓу членовите на училишната заедница: учениците, учениците и наставниците, помеѓу колегите, вработените и раководството, стручната служба со сите останати, наставниците и родителите, како и релациите на училиштето со заедницата. Квалитетот на сите овие односи во голема мера влијае врз когнитивниот, социјалниот и психолошкиот развој на детето.

| Активности | Очекувани резултати | Целна група | Носители на активноста | Место на реализација | Време на реализација | Потребни ресурси |
|---|---|---|---|---|---|---|
| - Едукација наставниците за важноста на грижата за сопственото менталното здравје | Подигнување на свеста за унапредување на менталното здравје | - наставници | Стручни соработници | - Училиште | Во текот на учебната година | - Печатени материјали;<br>- Презентации. |
| - Едукација наставниците за важноста и улогата на менталното здравје кај учениците за подобрување на нивните академски постигања | - Подигнување на свеста за улогата на менталното здравје кај учениците и поголема поддршка на учениците при справување со стресни ситуации. | - наставници | Стручни соработници | - Училиште | Во текот на годината | - Печатени материјали;<br>- Презентации. |
| - Промоција на менталното здравје со учениците | Запознавање на учениците со карактеристиките на развојниот период во кој припаѓаат | Ученици | - Одделенски раководители;<br>- Стручни соработници;<br>- Стручни лица | - Училиште;<br>- Училишен двор. | Во текот на учебната година | - Презентации;<br>- Брошури;<br>- Проектор |
| - Работилници на повеќе теми со кои ќе се подигне свеста за подобрување на менталното здравје на учениците | Работилници на тема: Страв од неуспех и панични напади;<br>Работилници на тема: Асертивно однесување на наставниците и подобрување на училишната клима и т.н | - Ученици;<br>- Наставници | Стручни соработници | - Училиште | Во текот на учебната година | - Презентации;<br>- Проектор;<br>- Хартија; |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| - Адаптација на учениците при премин од еден во друг образовен подсистем/период | - Прифаќање на новата средина | Ученици | - Одделенски раководители;<br>- Стручни соработници; | - Училиште; | Во текот на учебната година | - Презентации; |
| - Подигање на свеста кај родителите за значењето на менталното здравје врз целокупната добросостојба на детето | - Родителите да се запознаат со развојниот период во кој се наоѓаат нивните деца | Родители | - Одделенски раководители;<br>- Стручни соработници;<br>- Раководен тим на училиштето | - Училиште | Почетокот на учебната година | - Презентации;<br>- Брошури;<br>- Печатен материјал |
| - Вмрежување на наставниците и стручната служба на локално, национално и меѓународно ниво за размена на искуства, добри практики и зајакнување на стручните компентенции | Подобрување на квалитетот на работа | Наставници | - Стручна служба во училиштето;<br>- Директор | - Училиште | Во текот на учебната година | - Проектор;<br>- хартија; |
| - Афирмација на училиштето преку споделување на примери од добри практики за унапредување на менталното здравје | Зголемување на мотивацијата за работа на вработените, подобрување на училишната клима | Сите членови на училишната заедница | - Одделенски раководители;<br>- Стручни соработници;<br>- Раководен тим на училиштето;<br>- Бизнис заедница | - Училиште | Во текот на учебната година | - Печатен материјал;<br>- Веб страна на училиштето;<br>- Фејсбук страна на училиштето;<br>- Општински социјални мрежи. |
| - Соработка со родители – вклучување на родителите во | Продлабочување на соработката со родителите и подобрување на | - Родители;<br>- Ученици;<br>- Наставници | - Родители;<br>- Наставници;<br>- Раководен тим на училиштето | - Училиште;<br>- Посета на работните места на родители ученици | Во текот на годината | - Брошури,<br>- Печатен материјал |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| животот и работата на училиштето | квалитетот на наставата | | | | | |
| - Организирање на хуманитарни акции | Развивање на емпатија за семејствата со социјален ризик | - Ученици | - Одделенски раководители;<br>- Стручни соработници;<br>- Раководен тим на училиштето;<br>- Бизнис заедница | - Училиште;<br>- Училишен двор | Во текот на годината | - храна;<br>- хигиенски средства;<br>- облека;<br>- електронски уреди. |

## 19. Училишна клима

### *19.1. Дисциплина*

Училиштето има изградено углед кој е препознатлив по квалитетот на работа и постигањата на учениците, благодарение на тоа што води грижа за остварување на својата мисија и визија, водејќи сметка за целосната секојдневна дисциплина на учениците, а со тоа ја обезбедува и безбедноста на учениците во училиштето. Училиштето има кодекс на однесување кој се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска процедура со партиципација на сите структури поодделно. За непочитување на кодексот на однесување се пропишани соодветни процедури по кои се постапува зависно од прекршување на правилата на однесување. Постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки на учениците. Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето.Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците, како за време на часовите и за времена одморите, така и при приемот и заминувањето на учениците од училиште.Постои распоред за дежурства на наставниците во ходниците, училниците, дворот и санитарните јазли и секојдневна евиденција за тековните збиднувања.

Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки , пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето.

### *19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето*

Сите вработени и ученици во училиштето се задолжени да придонесуваат за естетското и функционално уредување на училиштето со свои изработки, проекти и презентации. Во училиштето се организираат разновидни настани чија реализација бара соодветно уредување: патронен празник и хепенинзи на различни теми. Изгледот на училиштето е важен сегмент во прилагодувањето на учениците и нивно максимално ангжирање во воспитно-образовниот процес. По повод одредени празници во училиштето се формираат комисии за избор на најубаво уредена училница, за која учениците добиваат пофалници  кои претставуваат мотивација и поттик за континуирано естетско уредување на просторот во училиштето. Со учество на учениците и наставниците во училиштето, а во некои активности и со учество на родителите се води и континуирана грижа за изгледот и хортикултурно уредување на училишниот двор, одржување на зеленилото, цвеќињата, поставените клупи и кантите за отпадоци.

### *19.3. Етички кодекс*

Нашето училиште има кодекс  на однесување  во кој се поставени принципите и  правилата на однесување:

Етички кодекс за наставниците

Етички кодекс за учениците

Етички кодекс за родители

Етички кодекс за останатите вработени.

Постојат пишани процедури – правилник за изрекување на педагошки мерки при прекршување на принципите на кодексот.

До колку се наиде  на потреба од дополнување или измени на некои од веќе одредените правила  на однесување во кодексот, дополнително се определува временски рок, со што  текстот на Етичкиот кодекс е биде иновиран и видоизменет.

Истите се поставуваат на видно место во училиштето и без исклучоци се почитуваат.

### *19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето*

Училиштето никогаш не би можело да се издигне на ниво на вистинска институција изградена на темелот на правилни вредности и принципи доколку не би имало соработка меѓу сите фактори вклучени во него. За таа цел во нашето училиште се организираат многубројни активности и за секоја од нив се одржуваат заеднички состаноци каде се предлагаат комисии за реализација на активноста и давање идеи и предлози за подобрување на комуницискатa соработка на сите структури во училиштето. Училиштето ќе организира заеднички:

- Прослави (Ден на Училиштето – 21 Мај, Словенските просветители, Кирил и Методиј – 24ти мај, полуматурирање на деветтоддленци – 10ти јуни)

- Екскурзии (есенска и пролетна за сите ученици и вработени, наставно-научни екскурзии за III, VI, IX одделение за кои се изготвува соодветна програма планирана во Годишната програма за работа на училиштето)

- Разни видови свечености.

Сите горенаведени активности служат за одбележување на културни, верски и државни празници, а нивната цел е секако развивање на пријателски односи меѓу сите субјекти во училиштето.

## *20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар*

### *20.1. Детектирање на потребите и приоритетите*

Преку развојот на вработените секоја организација го обезбедува и својот развој.

Професионалниот развој на наставникот/стручниот соработник е предуслов за успешно унапредување на квалитетот во образованието. До квалитетно образование може да се стигне само со подигање на квалитетот на наставниците и професијата во која се тие ангажирани. Увидувајќи ја потребата од понатамошен професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководен кадар, БРО и МОН дадоа насоки за формирање на тим за професионален развој и области за развој на вработените. Во нашето училиште тимот за професионален развој е составен од Појдовна основа за изготвување на училишниот план. За професионален развој ќе бидат потребни

компетенциите на наставниците и анализата на училишно ниво: приоритетните потреби на наставниците за професионален развој, како и можностите за преземање на активности на училишно ниво.

Врз основа на утврдените потреби за професионален развој се изработува план за професионален развој за тековната учебна година и врз основа на него и програмите за работа на стручните активи. Планот и програмите се дел од Годишната програма.

### *20. 2. Активности за професионален развој*

- Сите наставници ќе учествуваат на обуки , семинари ,работилници организирани од МОН ,БРО и други институции

-Се планираат интерни обуки во рамките на стручните активи од страна на стручната служба и одредени наставници.( подетално во програмите на стручните активи и стручните лица)

Дополнително зависност од материјално техничките ресурси во училиштето ќе се изработат акциони планови за посета на обуки, семинари (во училиштето и надвор од него) работилници на најразлични теми поттикнати од потребите на наставниците и за истите ќе се изработуваат извештаи.Целта на професионалниот развој на наставниците е да се подобрат постигањата на учениците преку континуирано осовременување на наставниот процес со нови форми, методи, стратегии и техники, со посебен акцент на активното учество на учениците во процесот на учење и поучување.

### *20.3 Личен професионален развој*

Секој наставник преку сопствениот актив непосредно ги изнесува личните потреби за професионален развој кои потоа по хоризонтала и вертикала се проследуваат.

Директорот и педагошко-психолошката служба вршат следење на напредокот на наставниците, се води професионално досие за секој наставник,и се следат часови и активности од истите, се изготвуваат извештаи од следењето.Се врши вреднување од страна на инспектори од ДПИ и советници од БРО и се врши вреднување преку екстерното и интерно проверување на знаењата на учениците. Стручните соработници за секој наставник водат професионално досие во кое се заведува и следи нивниот професионалниот развој.

### *20.4 Хоризонтално учење*

Професионалниот развој на наставниците на ниво на училиште подразбира учење на наставниците едни од други, или хоризонтално учење. Размената на искуства помеѓу наставниците на ниво на училиште или на ниво на училишта се одвива преку размена на искуства базирани на сопствената пракса при реализацијата на воспитно-образовниот процес или пак различен начин на организирани средби и состаноци. Постојат повеќе активности преку кои се реализира хоризонталното учење во училиштето како начин за професионален развој на наставниците. Во училиштето може да се формираат и таканаречени групи на интерес, односно кружоци. Нивната цел е да работат на заеднички цели преку кои сметаат дека може да дадат допринос за подобрување на воспитно-образовната дејност.

Дисеминацијата на одреден материјал во училиштето од посетени стручни обуки од страна на наставниците кои учествувале на стручни обуки оргнизирани од други организации е од голема важност. Првенствено, треба да се создаде навика дека наставниците кои од училиштето се испратени на одредени стручни обуки, задолжително треба да извршат дисеминација на предадениот материјал на посетената стручна обука со цел и останатите наставници од училиштето да се стекнат со нови знаења и професионално да се усовршат.

### *20.5 Кариерен развој на воспитно образовниот кадар*

Во процесот на кариерен развој на наставниците проценувањето на исполнетоста на стандардите за напредување во звања се врши од неколку аспекти, при што за постигнатоста на одредени стандарди најсоодветно е проценка да врши училиштето. За таа цел воспитно-образовниот кадар во училиштето треба да е запознаен со:

- Основните професионални компетенции кои треба да ги поседува наставникот
- Професионалните стандарди за наставник-ментор
- Професионалните стандарди за наставник- советник

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### *21.1 Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето*

Училиштето им дава можност на родителите да се вклучат во воспитно- образовниот процес на нивните деца и животот и работата на училиштето преку организирање на редовни и индивидуални родителски средби, отворен ден за прием на родители, вклучување во Советот на родители на ниво на паралелки, одделенија и на ниво на училиште и Училишниот одбор. На родителски средби, родителите се запознаваат со успехот и поведението на учениците во изминатиот период, сопроблемите со кои се соочува секој ученик посебно и се даваат насоки и сугестии за понатамошно подобрување на успехот. Во текот на учебната 2025/2026 година се планирани најмалку пет редовни родителски средби од кои три во прво и две во второ полугодие.Со свои предлози и лично вложување родителите учествуваат во организизација на забави, хепенинзи, екскурзии и други манифестации. Совет на родители се избира од редот на родителите на учениците коине се вработени во училиштето.Членовите на Советот на родителите се бираат од страна на родителскиот одбор од секоја паралелка, а тројца од родителите се делегираат како претставници во Училишниот одбор.

Советот на родители:

- Ја следи воспитно-образовната работа во училиштето;
- Дава свои предлози и мислења за унапредување на воспитно-образовниот процес на учениците;
- Дава предлози за надминување на проблемите кои се јавуваат на релација ученици - наставници - родители;
- Зема активно учество во совладување на проблемите кои се јавуваат во развојот и воспитувањето на учениците, а пред се во спречувањето на негативните појави како што се: насилно однесување, алкохолизмот, пушењето, наркоманијата и слично;
- Советот на родители избира свои преставници во Училишниот одбор;.
- Советот на родители поради поефикасно организирање и работа, донесува сопствена годишна програма.

## *21.2 Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставни активности*

На редовните родителски средби родителите се информираат за наставните и вннаставните активности, начинот на реализација, следење и вреднување на учениците заведено во евидентни листови. На индивидуалните средби наставниците им даваат јасни и конкретни напатствија на родителите како најдобро да им помогнат на своите децаво процесот на учење. Родителите на сите ученици кои имаат три и повеќе слаби оценки, десет и повеќе неоправдани изостаноци, над сто оправдани изостаноци, како и на учениците кои манифестираат несооодветно однесување согласнозаконот се покануваат на советување кое што го води психологот и педагогот на училиштето. Е-дневникот и СМС пораките им овозможуваат на родителите во секој момент да имаат увид во наставните содржини, постигањата, редовноста на учениците, дополнителна и додатна настава и домашните задачи. Во рамките на професионалната ориентација на учениците, родителите земаат учество преку одржување на презентации и запознавање со карактеристиките на одредени професии, струки и занимања.

Родителите земаат активно учество во проектните активности што се спроведуваат во училиштето како што се активностите во рамките на проектот „Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието“. Со свои предлози и лично вложување тие учествуваат во организизацијана разновидни средби, прослави , забави, хепенинзи, екскурзии и други манифестации. Училиштето поттикнува и неформално дружење помеѓу наставниците, учениците и нивните родители преку ангажман во организацијата на училишните акции и проекти.

На фејсбук профилот и на веб страната на училиштето редовно се ажурираат податоците за работата и тековните активности кои се одвиваат во училиштето. Тој е достапен за родителите како и за сите заинтересирани лица или институции.

**Во донесување одлуки**

Се формира Совет народителите во рамките на паралелката и на училиштето и се изработуваат програми за реализирање на содржините и активностите. На редовните состаноци на Советот на родители, присутните се информираат за работата на училиштето и се разгледуваат суштински прашања, а на родителите-претставници им е овозможено активно и континуирано партиципирање во донесувањето на одлуки.

### *21.3 Едукација на родителите/старателите*

Во текот на учебната година со организираат стручни едукативни предавања за родителите со цел превенција од насилничко однесувањекај учениците, зависности од дрога и алкохол, поттикнување намеѓуетничката толеранција и други современи закани.

**Изработка на брошура за родители**

Училиштето формира тим за подготовка и реализација на брошура за родители која содржи информации за мисијата, визијата и приоритетите на училиштето за претстојната учебна година, за организацијата на наставата, за материјално-техничката опременост на училиштето, учеството во проекти, натпревари и манифестации, етичкиот кодекс наоднесување и оценување на учениците, правата и обврските на учениците и родителите и други потребни информации. Како и секоја учебна година и оваа, училиштето ќе испечати брошура која ќе биде поделена на родителите чиишто деца ќе се запишат во прво одделение наредната учебна година.

## *22. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето*

-Учество и соработка со БРО и МОН

-Соработка со Локална самоуправа и заедница

-Соработка со образовни, здравствени, социјални институции и други установи кои допринесуваат за остварување на целите и задачите на воспитно- образовната работа

-соработка со: Медицински центар, Полициска станица, Центар за социјални работи, основни и средни училишта и други институции и организации во општината.

**Локална заедница** (локална самоуправа, бизнис заедница, месно население)

Со цел да го зголеми својот углед и да ја промовира својата работа во локалната заедница и пошироко, училиштето по пат на презентации, соопштенија и публикации континуирано го унапредува квалитетот на соработката со локалната заедница.На тој начин овозможува стекнување доверба, создавање добра волја и поволно мислење како член на заедницата.

Училиштето соработува и изведува организирани посети на институции од локалната заедница и пошироко (Општина Делчево, урбана заедница, влада на РСМ). Дел од културно-образовните активности во училиштето се реализираат во соработка со населението од локалната средина и се превземаат најразлични акции на соработка кои се од интерес и на училиштето и на локалната средина.

Особено значајно е да се воспостави соработка на училиштето со бизнис заедницата, компаниите во општина Делчево кои можат да им овозможат на учениците осознавање на производниот или услужниот процес и да пружат поддршка на училиштето во смисла на донации за доопремување на новата училишна зграда со нагледни средства и наставни помагала.

**Институции од областа на културата**

Во текот на годината се организираат посети на Музеј на град Скопје, Музеј на Македонија, Етнолошки Музеј, Куќата на мајка Тереза, Музеј на македонската борба за државност и самостојност, Природо-научен музеј во Скопје, како и други музеи, археолошки локалитети, цркви и џамии ширум Република Северна Македонија кои се посетуваат организирано според Годишните планирања по соодветни наставни предмети и Годишната програма за реализација на наставно-научни екскурзии изработена според насоките на БРО.

Во програмското подрачје медиумска култура при изучување на јазиците се предвидуваат и се реализираат посети на театарски и кино претстави според можностите и интересите на учениците.

## Институции од областа на образованието

Училиштето има отворена и континуирана соработка со МОН, БРО, ДПИ, ЕЛС-Сектор за основно образование, Сектор за основно образование  како дел од општината, актив на директори на ниво на општина, како и детските градинки на ниво на општина Делчево. Оваа соработка се остварува со цел на доследно исполнување на законските обврски на училиштето, унапредување на воспитно-образовниот процес со следење на организираните обуки за наставниците.

Задолжително се планираат и се следат објавени конкурси и натпревари на кои се учествува: ликовни и литературни конкурси, ликовни колонии, натпревари на знаења и манифестации од спортско-рекреативен и забавен карактер.

Соработката со средните училишта се остварува преку најразлични форми на културно – образовни активности и посети на отворени денови во рамките на професионалното информирање и ориентирање на учениците.

**Невладини организации**

Училиштето остварува соработка со:

- Црвениот Крст на Македонија,  Општинската организација и нашата ОО се вклучува во панирањето и организирањето заеднички акции од хуманитарен карактер;
- Еколошки друштва кои ќе придонесат за развој на еколошката свест кај учениците и месното население и зачувување на животната средина;
- КХАМ – невладина ромска организација
- ТЕРНИПЕ - невладина ромска организација

**Спортски друштва**

Училиштето соработува со повеќе спортски клубови за  ракомет, кошарка, фудбал, пливање, фитнес, кик-бокс со цел унапредување на здравјето и развој на човечки способности и особини кои се во согласност со општествената заедница и потребите на современото живеење.

**Здравствени организации**

Училиштето целосно ја остварува потребната комуникација и соработка со: ЈЗУ ,, Гоце Делчев’’ како и со центрите за социјална помош со цел задоволување на потребите на одредени групи на ученици.

**Медиуми** (со цел промоција на училиштето)

Целокупниот воспитно-образовен процес во училиштето е јавен и транспарентен. Во јавноста освен постигањата и резултатите од учество на учениците во натпревари на знаења се презентираат и резултатите од сите спроведени проектни активности, како и од натпревари со натпреварувачки и забавно-спортски карактер, учество во тв емисии, трибини, ликовни колонии и литературни манифестации.

Информирањето за активностите на учениците се одвива континуирано во текот на целата учебна година преку веб страната и фејсбук профилот на училиштето како и преку радио и телевизија со учество во детски и училишни емисии.

**23. Антикорупциска едукација на учениците од основните училишта**

Развојот на демократијата во Република Македонија претставува заложба на граѓаните уште од почетокот на осамостојувањето и формирањето на современата македонска држава. Идеалот и стремежот е држава во која при исполнувањето на обврските и почитувањето на законите нема да бидат важни полот, верата, нацијата, професијата, возраста и другите видови на разлики кои можат да се појават, односно држава во која сите ќе бидат еднакви граѓани.

Демократијата и нејзиното приближување кон граѓаните е од суштествено значање за учениците, а какво општество ќе градиме е во зависност од тоа какво образование поседуваме. Низ процесот на образование учениците треба да ги осознаат и почитуваат принципите на развиено демократско општество, односно да развијат вештини за функционирање во демократско опкружување.

Борбата против корупцијата е едно од подрачјата кое е недоволно развиено. Во текот на својот живот, граѓаните и институциите, како и родителите и учениците најчесто несвесно ја применуваат корупцијата при најобичните секојдневни активности, како дел од традиционалното однесување, неразмислувајќи за истата како појава, а уште помалку за борбата против неа. Голем дел од луѓето, сметајќи дека одредени постапки се дел од љубезноста и учтивоста, несвесно стануваат дел од овој процес, односно давачи или примачи

на корупција, изразувајќи благодарност, или одбирајќи начин за полесно остварување на определената цел. Кај некои од нив таа станува дел од секојдневниот живот и работа, и на неа гледаат како на нешто вообичаено и нормално. Имајќи ги предвид овие категории на граѓани, сметаме дека треба да постојат и субјекти и механизми кои ќе им предочат на другите што е корупција и како треба да се борат против неа.

Едукацијата на граѓаните е значајна подеднакво за сите, но најдобро е да се изберат учениците во основните училишта како целна група, кои учат како да станат активни граѓани, учат за демократијата и како да ги практикуваат нејзините позитивни вредности.

Во основното образование во Република Македонија се развива свеста за демоктаријата преку повеќе наставни предмети. Наставниот предмет *Граѓанско образование* е директно поврзан со теми во врска со демократијата и со развојот на граѓанскиот систем, со чија помош учениците се едуцираат како да бидат добри граѓани.

Според наставните програми на останатите предмети во основното образование, може да заклучиме дека антикорупцијата, и активности за истата, се споменува во *Програмата за образование за животни вештини*, но нема директно обраќање посветено за заштита од корупција.

Активностите поврзани со антикорупциска содржина има за цел да воспостави вредносен систем, кој ќе ја измени сегашната култура на прифаќање на корупцијата и ќе ги промовира придобивките од доброто владеење и однесување. Заменувајќи ги лошите навики и пораки со добри и истакнувајќи ги позититивните примери, ученикот опфатен во проектот ќе може да ја препознае корупцијата и да се заштити од оваа негативна општествена појава.

Целите кои ги вклучува антикорупциската содржина, посветена на учениците од основните училишта, е тие да бидат запознаени со одредени поими, односно преку одредени активности да разберат за корупцијата и антикорупцијата, да анализираат ситуации, личности и настани поврзани со корупцијата, да се стават во друга ситуација и преку совладување на материјата да станат активни граѓани, коишто ќе придонесат кон развојот на модерното демократско општество.

**Антикорупциската едукација на учениците од основните училиште ќе опфати:**

а) предавања за запознавање на учениците со поимите, можностите за заштита и превентивно делување кон корупциските активности;

б) работилница за антикорупциска едукација на учениците, со чија помош истите ќе бидат ставени во активна ситуација, во која ќе земаат учество;

в) запознавање на пошироката јавност со активностите поврзани со борбата против корупцијата, преку работата на учениците;

г) покана и учество на личности поврзани со борбата против корупцијата.

Бидејќи во образованието програмите се целни, целите ќе заземаат соодветно место во оваа едукација за учениците од основните училишта.

**Цели на едукацијата:**

Ученикот/ученичката е потребно:

- да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност;
- да се знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;
- да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок“;
- да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата;
- да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството
- да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Македонија и механизмите преку кои таа делува;
- да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на кој начин може да се спречи истата;
- да се стави во ситуација, во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупција и потребата од антикорупциска едукација.
- да се стави во улога на активен граѓанин, кој ќе придонесе за развојот на Република Македонија

## 24. Акциски план за критичко мислење и формирање клуб за кодирање

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Фокус | Десиминација на темите од обуката за критичко мислење и Формирање на клуб за кодирање и негова успешна работа | | | | |
| Зошто | Многу мал дел од наставниците и учениците ги користат критичкото мислење и кодирањето и дигитализацијата во секојдневната настава. Сакаме да им укажеме и да ги обучиме наставниците да почнат да го користат критичкото мислење во наставата и да ги мотивираме да ги насочуваат учениците во решавање на повеќе нерутински проблеми и длабински структури со што повеќе ќе го развијат критичкото размислување кај учениците и дигиталните алатки и во животот не само во училиштето. | | | | |
| Сегашната ситуација | Мал број од наставниците користат методи во наставата кои го поттикнуваат критичкото мислење, а повеќето од нив бараат само меморирање и репродуцирање на факти од учениот материјал, без да обрнуваат внимание на тоа како учениците би го користиле тоа во секојдневните ситуации. | | | | |
| **Што** треба да се промени? (Наведете го проблемот со којшто треба да се справите.) | **Како?**<br>Потребно(и) дејство(а) за да се справите проблемот. | **Кој** ќе биде одговорен за дејството? | **Кога?**<br>Временска рамка - почеток и крај. | Ресурси – Што ви е потребно? | Како ќе знаете дека сте успеале? |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| да се зголеми бројот на наставници кои ќе користат критичко мислење и дигитализација во наставата | десиминација на темите од критичко мислење и употреба микро бит и дигитални алатки | тимот кој ја следеше обуката | 15-25 август | прирачници, сала за презентации, микро бит, лцд проектор, лаптопи | одржана обука и обучени наставници и формиран клуб за кодирање |
| некои од наставниците самостојно да одржат по еден пробен час | наставниците прават план и одржуваат пробен час | наставниците со подршка од тимот и клубот за кодирање | 26-30 | прирачници, сала за презентации, микро бит, лцд проектор, лаптопи | одржани пробни часови |
| наставниците самостојно одржуваат часови | наставниците прават планови и одржуваат часови | наставниците со подршка од тимот и клубот за кодирање | континуирано цела година | | |

## 25. Следење на имплеметација на годишната програма за работа на основното училиште

| **Приоритетни подрачја за следење** | **Начин и време на следење** | **Одговорно лице** | **Кој треба да биде информиран за следењето** |
|---|---|---|---|
| **Изработка на диференцирани цели** | **Во текот на целата година** | **Стручна служба** | **Директор** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Промоција на успешни ученици при постигнати резултати** | **Тромесечие<br>При постигнати резултати** | **Директор<br>Помошник директор<br>Стручна служба** | **Совет на родители<br>Училишниот одбор<br>Наставнички совет** |
| **Унапредување на работата на стручните активи** | **Во текот на целата година** | **Директор<br>Помошник директор<br>Стручна служба** | **Стручната служба и директор** |

## 26. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Годишната програма на училиштето претставува основен документ во кој се испланирани сите педагошки активности, одредени задачи и цели, како и начинот на координирање на сите дејствија на педагошките субјекти во училиштето, непосредно и општествената заедница и истата се темели на законски одредби во целокупното нејзино планирање и дејствување. Со следење на Годишната програма за работа ги воочуваме квалитетите во работата, но и потреба од поставување нови повисоки цели за наредната учебна година. Настојуваме во континуитет да обезбедиме висок степен на одговорност и професионалност на сопствениот кадровски потенцијал во извршувањето на поставените задачи и цели. Придржувајќи се на поставените елементи во Годишната програма за работа на училиштето полесно ја исполнуваме својата работа во целост во програмскиот и организацискиот дел.

Области на евалуација :

- Наставен план и програма
- Постигања на ученици
- Учење и настава
- Поддршка на ученици
- Училишна клима
- Ресурси
- Унапредување и раководење

Индикатори за секоја област:

- Планирања на наставниците
- Наставен процес
- Искуства на учениците  од учењето
- Задоволување на образовните потреби на учениците
- Оценување, како дел од наставата
- Известување за напредокот на учениците

Постојат повеќе начини на кои може да се соберат докази за нивоата на квалитет: преку разговори со сите заинтересирани страни, разгледување на ресурсите и документацијата, директно набљудување и анализа на документите, дискусии, прашалници, записници, увид во работата и др. Општата употребливост на индикаторите ќе овозможи континуирано партнерство на сите нивоа на образовниот систем, што претставува дополнителна придобивка за сите инволвирани страни во образовниот процес. Сите тие активности се планирани да се реализираат со максимално искористување на сите расположиви потенцијали и ресурси, а со земање во предвид и прилагодување на способностите, можностите, желбите и интересите на учениците. Накратко, се надеваме дека годишното планирање ќе ни овозможи училиштето да биде по мерка на детето.

## 27. Заклучок

Годишната програма е краткорочен развоен документ кој претставува оперативно планирање на севкупната работа на училиштето. Овој суштински документ ефикасно не води при реализација на планираните глобални активности, евалуациско следење на сите чинители на воспитно - образовниот процес, ги предвидува сите форми и начини на работа овозможени од условите во кои работи училиштето: материјално-технички, кадровски, финансиски и други услови во пошироката заедница каде егзистира училиштето. Годишната програма ги опфаќа сите податоци за училиштето сите предвидени активности, сите подрачја од училишниот живот почнувајќи од: училишната лична карта, просторните услови за работа и настава, план на просториите, опременоста на училиштето, структурата на училиштето почнувајќи од највисокиот орган, организацијата на работни места  на наставниот кадар и вработените, број на паралеки , ученици, етничка и родова структура на ученици, мисија и визија на училиштето, стекнатите искуства, подрачја на промени и приоритети, задачи и цели, план за евалуација, календар за работа, видовите настава (редовна, изборна, додатна и дополнителна, слободни часови)

оценување и самоевалуација, вонnаставни активности, поддршка на ученици, грижа за здравјето, училишна клима, професионален развој на образовниот кадар, вклученост на семејството во училиштето, комуникација со јавноста. Годишната програма на училиштето е документ за работа на основното училиште за тековната година. Програма претставува најзначаен документ за работа на училиштето.

## 28. Комисија за изработка на годишната програма за работа

Горан Велков –Директор;

Маријана Стоименовска – Помошник на директор;

Билјана Дончевска – Педагог;

Дејан Глинџарски - Психолог;

Вице Стоиловски – Секретар,

Магдалена Златковска – Наставник;

## 29. Користена литература

1. Законот за основно образование, Закон за работни односи, Закон за јавни набавки, Закон за организација и работа на органите на државната управа и други закони
2. Под-законски и интерни акти (Статут, етички кодекс, деловници за работа на органите итн.), правилници;
3. Наставните планови и програми за основно образование;
4. Концепција за деветгодишно образование;
5. Статут на училиштето;
6. Програма за развој на училиштето;
7. Програмата за работа на училиштето од претходната учебна година;
8. Извештаи (Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година, извештај од интегрална евалвација, извештај од самоевалвација, програма за развој, извештаи за финасиското работење на училиштето, записници);
9. Прирачник за следење на професионалниот развој на наставниците и стручните соработници.

Потпис на директор

_____________________________

Датум ____________ година

Место ____________

м.п.

Потпис на претседател на Училишен одбор

________________________________

# ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА УЧИЛИШТЕТО

# ООУ„ВАНЧО ПРКЕ“- ДЕЛЧЕВО ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

## ПРИЛОГ БР.1 ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ ВО УЧЕБНАТА 2025 - 2026 ГОДИНА

Носители на образовната и просветната политика во училиштето се водечките тимови: Директорот, Претседателите на активите и стручните работници во наставата. Воспитувањето и образувањето се општествени категории кои се организираат во училиштето како специфична општествена дејност чии претставник и застапник е Директорот. По природата на својата функција Директорот е најодговорен за реализацијата на сите задачи што општеството му ги поставува на училиштето. Од него зависи организацијата и релизацијата на сите подрачја на воспитно-образовниот процес, а индиректно и работата на наставниците како и успехот и напредувањето на учениците.

Должноста и обврските на Директорот стануваат сè посложени, поделикатни и специфични и заради динамичните и интензивни промени во општеството кои имаат силен одраз и на воспитно-образовниот систем. Програмата за работа на Директорот е интегрален дел на програмата за работа на училиштето. Но, ако појдеме од фактот дека Директорот е главниот носител на таа програма сосема е јасно дека таа програма е камен темелник на кој се потпираат сите други програми.

Годишните програми, годишните извештаи како и развојните училишни програми се документи кои помагаат во организацијата на работата во училиштето. Овие документи треба да се сфатат како основа за развојно планирање кои помагаат за унапредување на воспитно-образовниот процес. Сите документи се меѓусебно поврзани и се надополнуваат. Годишните програми се планираат врз основа на долгорочните развојни, училишни планови. Завршен дел од годишната програма е годишниот извештај.

Годишната програма за работата на директорот е изработена врз основа на:

- Законот за основно образование;
- Анализа на реализацијата на Годишната програма од претходната учебна година;
- Анализа на препораките на Извештајот од Биро за развој на образованието, по извршениот увид во работата на училиштето;
- Планот за работа и соработка со родителите и Советот на родители;
- Планот за работа на педагошко-психолошката сужба во училиштето, како и со стручните активи на наставниците;
- Програмата за работа на Училишниот одбор;
- Планот за грижа за здравјето на учениците;
- Реализација и примена на тековните проекти и проектите кои веке се реализираат а поврзани со осовременување на наставниот процес.

**Приоритетни цели:**

Подобрување на условите за работа;

Интензивирање на соработката со родителите;

Намалување на бројот на изостаноците на учениците.

**Работата на Директорот на училиштето ќе се изведува низ две подрачја:**

-административно-организациско и

-педагошко-инструктивно подрачје.

**Административно-организациско**

Во рамките на оваа подрачје Директорот се јавува како иницијатор и организатор. Како орган на раководење ги одредува насоките за работа на училиштето, како на административен, така и на организационен план. Директорот ги следи и реализира одлуките што ги донесуваат Училишниот одбор и Стручните активи.

| **Работни задачи** | **Цели** | **Форми** | **Соработници** | **Време** |
|---|---|---|---|---|
| Преглед на наставните планови и задолженија | Да се извршат подготовки за почетокот на учебната година | Тимска работа | Наставници, Педагог, Психолог | Септември |
| Распределба на задолженијата околу техничките и други подготовки | Да се извршат подготовки за почетокот на учебната година | Тимска работа | Наставници, Педагог, Психолог, персонал, јавни служби | Август, септември |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одржување седница на Наставничкиот совет и раководење со истиот | Да се дадат упатства и задолженија за тековната година | Тимска работа | Наставници, Педагог, Психолог | Август,септември, октомври, декември, јануари, март, јуни |
| Запознавање со извештај за материјалното работење на училиштето | Да се осознае материјалното работење на училиштето | Тимска работа | Правник, Багајник | Август |
| Грижа за спроведување на куќниот ред на училиштето | Да се дадат упатства и задолженија за одржување на куќниот ред на училиштето | Тимска работа | Наставници, Педагог, Психолог | Септември, октомври, декември |

## Педагошко-инструктивна работа

Педагошко-инструктивната работа на Директорот подразбира стручно насочување на работата на наставникот. Педагошко-инструктивната работа на Директорот се однесува на сите подрачја на воспитно-образовниот процес во училиштето.

| Работни задачи | Време |
|---|---|
| Учество во изработка на Програмата за работа на училиштето | Август-Септември |

| | |
|---|---|
| Учество во изработка на Програмата на стручните органи | Август-Септември |
| Учество во изработка на План за воннаставни активности | Август-Септември |
| Учество во изработка на инструменти за следење и вреднување на работата на наставникот | Август-Септември |
| Учество во изработка на инструменти за следење и вреднување на знаењата на учениците | Август |
| Учество во изработка на Кодекс на однесување за подобрување на дисциплината во училиштето | Август-Септември |
| Соработка со стручните органи на училиштето во врска со сите прашања од воспитно-образовната програма на училиштето | Октомври, декември, март, јуни |

**Аналитичко студиски работи и работни задачи**

| **Работни задачи** | **Време** |
|---|---|
| Аналитичка подготовка за реализација на проектот: Информационен систем за управување со образованието (ЕМИС) | Август |
| Аналитичко студиски работи од резултатите од применетите проекти | Февруари |
| Изготвување анализа на извештај за резултатите на успехот и поведенијата на тромесечието, полугодието и крајот на учебната година | Декември, февруари, јуни |
| Анализа на реализацијата на годишната програма на училиштето | Август |

| | |
|---|---|
| Анализа на извештаите за отсуство на учениците, доследност на промената на Кодексот за однесување | Во текот на целата учебна година |
| Проучување и анализа на глобалните тематски планирања на наставниците | Септември |
| Аналитичко-истражувачка работа на другите проблеми и прашања од воспитно-образовната работа на училиштето за кои ќе се јави потреба | Декември, февруари, јуни |

**Други работи и работни задачи**

| **Работни задачи** | **Време** |
|---|---|
| Реновирање на просториите во училиштето | Јуни, Јули, Август |
| Уредување на училишниот двор | Мај |
| Обезбедување на материјално-технички услови за работа на училиштето | Август |
| Следење и увид во финансиското и материјалното работење на училиштето | Декември |
| Координирање, насочување и давање на помош во организирањето на свеченостите и приредбите во училиштето | Септември, декември, мај |
| Претставување на училиштето пред соодветните органи и институции | Септември, мај |

Покрај овие задачи, Директорот ќе ги извршува и административно-организациските и други задачи кои се непосредно врзани со неговата работа и функција. За успешна реализација на задачите Директорот изготвува месечна оперативна програма.

За целокупната работа ќе води евиденција и документација и тоа:

- дневник за работа на Директорот;
- работа на органите на училиштето;
- материјално-финансиско работење.

| Месец **Август** | | |
|---|---|---|
| Содржини | Форми и методи | Соработници |
| Реновирање на училишниот простор (молеро-фарбарски работи, поправки и доградба на административни простории) | Тимска работа | Стручни и помошни лица и Службеници |
| Инструкции за почетокот на учебната година;<br>Седница на Наставничкиот совет | Тимска работа, изготвување на концепт. | Наставници<br>Стручна служба |
| Изготвување на план за работа и ангажирање на наставничкиот кадар по предмети, часови, секции и одделенски раководители | Тимска работа | Наставници<br><br>Стручна служба |
| Давање на дидактички насоки на наставничкиот кадар за изработка на годишни, тематски и дневни планирања | Непосреден увид, евидентен лист, активна настава | Наставници,<br>Педагог,<br>Психолог |
| Работа на финансиски и административен кадар | Тимска работа | Правник<br>Благајник<br>Сметководител |

| | | |
|---|---|---|
| Организирано учество во семинари за стручно и педагошко усовршување на наставниот кадар во Бирото за развој на образованието | Семинари | Наставници, Педагог, Психолог |

| Месец **Септември** | | |
|---|---|---|
| Содржини | Форми и методи | Соработници |
| Изготвувањето на Годишната програма за работа | Тимска работа | Наставници, Педагог Психолог |
| Упатство во водењето на педагошката евиденција и документација (запознавање со евентуални измени) | Тимска работа | Педагог Психолог |
| Увид во доставените глобални, тематски и дневни подготовки, програмата на стручните активи и слободните ученички активности | Непосреден увид во реализацијата на активната настава | Педагог, Психолог Наставници |
| Работа од финансиски и административен карактер. Увид во дневниците за работа | Непосреден увид | Благајник |
| Месец **Октомври** | | |
| Содржини | Форми и методи | Соработници |
| Увид во средената на педагошката евиденција и документација | Тимска работа, непосреден увид. | Педагог, Психолог |
| Помош и организирање на приемот на првачињата во Детската организација | Тимска работа | Наставници и родители, Педагог, Психоог |

| | | |
|---|---|---|
| Посета на часови во одделенска и предметна настава<br>Цел: реализација на активностите предвидени во писмената подготовка за наставниот час. Разговор, анализа на часот и давање на соодветна помош | Изготвување на извештај од посетените часови во активната настава | Педагог, Психолог |
| Дидактички насоки за нововработените | Консултации. Инструктивна помош и стручни материјали | Педагог, Психолог |

| Месец **Ноември** | | |
|---|---|---|
| Содржини | Форми и методи | Соработници |
| Организирање на разговори со претставниците од одд. заедници за проблемите во паралелката | Индивидуални разговори со претседателите | Педагог, Психолог |
| Соработка со одд. раководители;<br>Извештаи за случувањата во паралелката | Индивидуални разговори со одд. раководители | Наставници |
| Учество во работата на Одделенскиот совет во врска со успехот на учениците | Дискусија | Наставници<br>Педагог<br>Психолог |
| Подготовки за одржување на Наставнички совети по предвидената програма | Дискусија, непосреден увид во дневниците | Наставници, Педагог<br>Психолог |

| | | |
|---|---|---|
| Совет на родители и Училишен одбор | Изготвен извештај врз база на снимени податоци | Педагог, Психолог |
| Посета на часови во одд. настава и предметна настава<br>Цел: активности на учениците во наставно-воспитниот процес. | Непосреден увид, извештај од увидот на часовите по активна настава | Наставници Педагог<br>Психолог |

| Месец **Декември** | | |
|---|---|---|
| Содржини | Форми и методи | Соработници |
| Увид во реализацијата на планот за работа на стручните активи на наставниот план и програма;<br>Слободни ученички активности, додатна и дополнителна настава | Непосреден увид, евидентен лист | Педагог, Психолог |
| Изготвување на календар за активности до крајот на учебната година | Тимска работа, распоред, соопштенија | Педагог, Психолог |
| Соработка со одделенските раководители | Тимска работа, размена и искуства. | Наставници |
| Посета на часови во одделенската настава и предметна настава<br>Цел: разговор, анализа на часот и давање на соодветна помош | Непосреден увид, извештај од увидот, евидентен лист за следење на наставата | Наставници |

| | | |
|---|---|---|
| Подготовки за одржување на Одделенски совети за успехот, редовноста и поведението на учениците во првото полугодие | Изготвен извештај на одделенските раководители врз база на снимените податоци | Наставници<br>Педагог, Психолог |
| Изготвување на календар за активностите за време на полугодишниот одмор | Тимска работа, распоред, соопштенија | Педагог, Психолог |

| Месец **Јануари** | | |
|---|---|---|
| Содржини | Форми и методи | Соработници |
| Изготвување на полугодишен извештај за успехот и поведението на учениците | Писмен извештај | Педагог, Психолог |
| Целосен увид на Педагошката евиденција и документација за првото полугодие и повратна информација | Непосреден увид, писмен извештај врз база на снимени податоци | Педагог, Психолог |
| Наставнички совет, совет на родители и Училишен одбор | Извештај врз база на анализираните податоци за работата на училиштето во првото полугодие | Наставници<br>Педагог, Психолог |
| Подготовки за програмски задачи во второто полугодие | Тимска работа | Наставници |

| Месец **Февруари** | | |
|---|---|---|
| Содржини | Форми и методи | Соработници |
| Разговор со учениците што постигнале добри резултати за нивно стимулирање во учењето, како и помош на учениците што постигнале слаб резултат | Тимска работа | Педагог, Психолог |
| Учество во работата на стручните активи (корелација на содржините) | Распоред, соопштенија, непосреден увид | Педагог, Психолог |
| Посета на часови во одделенската настава и предметна настава<br>Цел: активност на учениците во наставниот и воспитно-образовниот процес | Непосреден увид, извештај од увидот, евидентен лист | Наставници<br>Педагог, Психолог |
| Соработка со други училишта<br>Цел: размена на мислења и искуства од работата | Меѓусебна посета, размена на искуства | Наставници, Педагог, Психолог |

| Месец **Март** | | |
|---|---|---|
| Содржини | Форми и методи | Соработници |
| Увид во реализацијата на работата на стручните активи во наставните планови и програми, како и додатната и дополнителната настава | Непосреден увид, извештај од увидот, евидентен лист | Педагог, Психолог |

| | | |
|---|---|---|
| Увид во применетост на методи стекнати од Проекти за унапредување на наставата | Непосреден увид, извештај од увидот, евидентен лист | Педагог, Психолог |
| Посета на часови во одделенска и предметна настава<br><br>Цел: активноста научениците во наставниот и воспитно-образовниот процес | Непосреден увид, извештај од увидот, евидентен лист | Наставници<br><br>Педагог, Психолог |
| Одбележување на Денот на пролетта и Денот на екологијата со посебни изготвени програми | Распоред, соопштенија, извештаи | Ученици, Наставници |
| Посета на часови по предметна настава (одделенски час)<br><br>Цел: активноста на учениците во наставниот и воспитно-образовниот процес. | Непосреден увид, извештај од увидот, евидентен лист | Наставници<br><br>Педагог, Психолог |

| Месец **Април** | | |
|---|---|---|
| Содржини | Форми и методи | Работници и соработници |
| Учество и помош во организирање на училишни и регионални натпревари | Распоред, соопштенија, извештаи | Наставници |
| Одржување на Одделенски совети и договори за родителски средби. | Извештај од одд. раководители врз основа на | Наставници<br><br>Педагог, Психолог |

| | | |
|---|---|---|
| Цел: разгледување на успехот и поведението. | анализираните состојби и резултати | |
| Наставнички совет;<br><br>Увид во реализацијата на целокупната воспитно-образовна деност (извештаи од учество на семинари и работа на проекти) | Извештај врз основа на добиените анализи | Наставници, Педагог, Психолог |

| Месец **Мај** | | |
|---|---|---|
| Содржини | Форми и методи | Соработници |
| Подготовки за организирање на Патронатот на училиштето | Пишување на календарот, распоред, соопштенија | Ученици, Наставници, Педагог, Психолог |
| Учество и помош во организирањето на училишни и регионални натпревари | Распоред, соопштенија, извсештаи | Наставници |
| Работа на Училишниот одбор и Советот на родители;<br><br>Увид во реализацијата и работата на училиштето | Извештај врз основа на анализираните податоци | Педагог, Психолог |
| Следење на дополнителната настава по одделни наставни предмети. | Непосреден увид, извештај од увидот, евидентен лист | Наставници<br><br>Педагог, Психолог |

| | | |
|---|---|---|
| Цел: согледување на ангажираноста на наставниците и мотивацијата на учениците. | | |
| Следење на проекти и активирање од професионалната ориентација и советување на учениците | Непосреден увид, дискусија, извештај од увидот | Наставници<br>Педагог, Психолог |

| Месец **Јуни** | | |
|---|---|---|
| Содржини | Форми и методи | Работници и соработници |
| Увид во работата на проектите од тековната година | Непосреден увид, извештај од увидот, евидентен лист | Наставници, Координатори |
| Одржување на Одделенски совети и Наставнички совет.<br>Цел: разгледување на успехот и поведението. | Извештај на одд. раководители врз основа на анализираните состојби и резултати, утврдување на успехот и поведението | Наставници, Педагог, Психолог |
| Наставнички совет;<br>Увид во реализацијата на целокупната воспитно-образовна дејност (извештаи од учество на семинари и работа на проекти). | Извештај врз основа на добиените анализи | Наставници, Педагог, Психолог |

| | | |
|---|---|---|
| План и подготовка за активностите по завршувањето на наставата | Календар, евидентен лист, пописи | Наставници, педагог, психолог |

**Глобален план за соработка со родителите**

| **Содржина** | **Носители** | **Време на реализација** |
|---|---|---|
| Усвојување на планот за соработка со родителите<br>Запознавање на родителите со куќниот ред на училиштето<br>Запознавање на родителите со училишните барања и обврските на учениците<br>Договор за начинот и времето на соработка на родителите со одд. раководители, ППС и Директорот | Одд. раководители (групна родителска средба) | Септември |
| Индивидуални разговори со родителите чии деца имаат потешкотии во учењето, како и во односот со другите ученици и наставниците<br>Посета на родителските домови по потреба | Одд. раководители<br>Педагог, Психолог | Септември – јуни |
| Запознавање со успехот и поведението на учениците на крајот на првото тромесечје | Одд. раководители | Ноември |

| | | |
|---|---|---|
| Педагошки предавања според возраста на учениците и спецификата на одделни паралелки | | |
| Информирање за постигнатиот успех и поведението на учениците на крајот на првото полугодие<br>Информирање на родителите за организсирано зимување на учениците | Одд.<br>раководители<br>Педагог, Психолог | Декември |
| Индивидуални разговори со родители, чии деца покажуваат слаб успех и социјално неадекватно поведение | Одд. Раководители<br>Психолог | Јануари |
| Соопштување на успехот и поведението на учениците на крајот на учебната година, доделување на свидетелства;<br>Информирање на родителите за организирано користење на летниот распуст на учениците | Одд. Раководители | Јуни |

**Директор,**

**Горан Велков**

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ПЕДАГОГ ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

## 1. Вовед

Годишната програма за работа на училишниот педагог е изработена во согласност со следниве документи:

- Годишна програма за работа на училиштето за учебната 2025/2026 година;
- Статут на ООУ„Ванчо Прке“ - Делчево;
- Програмата за развој на училиштето за период од 2024/2028 година;
- Годишен извештај за работата на училиштето за учебната 2024/2025 година;
- Закон за основно образование (пречистен текст);
- Правилници за формата и содржината на педагошката документација и евиденција во основното училиште, како и начинот на нивно водење;
- Календар за организација на учебната 2025/2026 година во основните училишта;
- Правилник за оценувањето, изрекување на педагошки мерки;
- Концепција за деветгодишно основно образование;
- Основи за програмирање на работата на стручните работници во основните училишта.

## 2. Приоритетни задачи

- Координација на наставниот кадар и стручниот тим на училиштето со претставници од МОН и БРО за поуспешна реализација на наставниот процес со воведувањето на новата концепција на деветгодишното основно образование.

- Следење на начинот на имплементација на програмите според Кембриџ;

- Следење на примената на иновираната квалитетна настава прилагодена спрема потребите и можностите на учениците;

- Следење на оценувањето во функција на реално и објективно вреднување на знаењата на учениците и зголемување на нивната мотивација, тестирање и објективно оценување;

- Информирање и соработка со родителите во наставата и вонаставните активности;

- Подршка на проектите кои се имплементираат во училиштето;

- Координирање со работата на стручните активи.

## 2.1. Непосредно следење на воспитно – образовната работа

- Следење на формите, методите, планирањата на редовната, додатната, дополнителната и изборната настава;

- Следење и почитување на законската регулатива во основното образование;

- Следење на воннаставните и слободните ученички активности и ученичката заедница;

- Следење на Годишната програма за работа на училиштето;

- Следење на планирањата на наставниот кадар;

- Следење на континуираност и објективност при оценувањето и напредувањето на учениците во редовната настава и воннаставните активности;

- Следење на педагошката евиденција и документација и Е – дневник;

- Следење на стручно усовршување на наставниците;

- Следење на функционирањето на органите и телата на училиштето;

- Следење, вреднување и унапредување на сопствената работа;

- Следење на имплементацијата на програмите според Кембриџ.

Во ова подрачје ќе се реализираат следниве конкретни задачи:

- Следење на организацијата и реализацијата на наставата воопшто и поконкретно во деветто одделение, како и реализацијата на изборните предмети по одделенија;

- Следење на примената на на квалитетот на наставата – настава прилагодена според потребите и можностите на учениците и зголемување на нивната мотивација;

- Следење на оценувањето во функција на реално и објективно вреднување на знаењата на учениците и зголемување на нивната мотивација;

- Следење на професионалниот развој и организирање на практичните интерни работилници на стручните активи на сите нивоа (одделенска и предметна настава), по однос на истражување и проектирање на истата од страна на учениците и наставниците;

- Следење на планирањата на наставниците и взаемна соработка и едукација од проблематиката на процесуирана настава и интегрирање на наставни и проектни активности во наставните содржини;

- Следење на реализација на проектни активности од кои со посебен акцент на лидерство и менаџирање во паралелката, мултикултура и надминување на конфликтни ситуации, следење на талентирани ученици и деца со потешкотии во напредувањето.

## 2.2. Советодавно – консултативна работа

- Консултативно – советодавна работа со наставниот кадар;

- Консултативно – советодавна работа со Директорот на училиштето и стручните соработници;

- Консултативно – советодавна работа со одговорните на стручните тимови и активи;

- Советодавна работа со членовите на органите и телата во училиштето;

- Советодавна работа со наставници – приправници;

- Советодавна работа со родители;

- Советодавна работа со ученици (талентирани, со потешкотии во учењето и сл.);

- Советодавна работа во контекст на унапредување и усовршување на воспитно – образовниот процес.

*Во ова подрачје ќе се реализираат следниве конкретни задачи:*

- Советодавна работа со наставниците што реализираат настава во деветто образование;

- Советодавна работа со наставниците од одделенска настава;

- Советодавна работа со раководствата на одделенската заедница и раководствата на ниво на Ученичката заедница од шесто до деветто одделение по однос на успехот, истражување и проектирање на настават. Почитување на нивните права, позитивно експонирање, партиципирање во сите сфери на училишниот живот и прилагодување на демократските интеркции со наставниците и раководството на училиштето, почитување на мултикултурата помеѓу сите субјекти во училишната средина;

- Советодавна работа со наставниот кадар и родителите на учениците кои имаат потешкотии во учењето, дисциплината и нередовноста во наставата;

- Соработка со локалната средина и инструктивна работа со надворешни фактори (ЕЛС, Медиуми) во контекст на афирмација на училиштето.

## 2.3. Аналитичко – истражувачка работа

*Тековни работни задачи од ова подрачје:*

- Степен на усвоеност на техниката читање во прво одделение и изработка на извештај;
- Социјална и емоционална прилагоденост на децата во прво одделение;
- Испитување на читање и разбирање на текст во второ одделние;
- Испитување на совладаност на техниката на ракописните букви во трето одделние (диктат);
- Техника на читање во четврто одделение;
- Анкета во седмо одделение – причини за неоправдано изостанување од настава;
- Анкета за објективност во оценувањето во осмо и деветто одделение;
- Анкета за професионално ориентирање и информирање;
- Изготвување на анализи и извештаи.

## 2.4. Стручно усовршување на воспитно – образовниот кадар

*Тековни работни задачи од ова подрачје:*

- Стручно усовршување на наставниот кадар за функционирање на училишните тимови за поддршка на проектите кои се реализираат во училиштето;
- Стручно усовршување преку стручни теми – семинари и работилници;
- Извештаи и анализи од извршените тестирања;
- Стручно усовршување преку извештаите и анализите од следењето на наставата и вонnаставните активности;
- Стручно усовршување преку следење на стручна литература;
- Стручно усовршување преку примена на современи техники и методи на работа;
- Лично стручно усовршување преку следење на семинари, советувања и стручна литература;

- Стручно усовршување на наставници почетници;

*Во ова подрачје ќе се реализираат следниве конкретни задачи:*

- Стручно усовршување на наставниот кадар преку интерни семинари и работилници за нови методи, техники за успешна имплементација на целите на проектите;

- Стручно усовршување и анимирање на одговорните наставници на стручните активи и наставниот кадар од посетени обуки и примена на иновации и квалитет во наставата (иновирани програми), истражување и проектирање во наставата, иновирање во годишните планирања;

- Обука на наставници за подготвување на тестови на знаења;

- Стручни консултативни разговори со наставници и ученици (талентирани ученици и ученици со потешкотии во напредувањето, активната настава и социјална и емоционална прилагоденост на учениците и други соодветни теми;

- Усовршување на начините на транспарентна комуникација на училиштето и локалната средина, меѓусебна соработка на стручната служба, наставниците, родителите, локални медиуми.

## 2.5. Педагошка евиденција и документација

За работата на педагогот од педагошка евиденција и документација се водат следните документи:

- Планер – дневник за консултативно педагошка работа на педагогот во училиштето;

- Годишна програма за работа на педагогот;

- Годишна оперативна програма за работа на педагогот;

- Хронолошки дневник за работа;

- Дневник за советодавна работа со ученици, наставници, родители;

- Дневник за следење на наставни часови;

- Евиденција за учество на учениците на натпревари и постигнатите резултати;

- Дневник за евиденција на новодојдени и заминати ученици;

- Евиденција за запишани ученици во прво одделние;

- Евиденција за запишани ученици во шесто одделение;

- Водење на професионално досие на наставници;

- Евиденција, извештаи, презентации на приоритетните цели и активности што ќе бидат предмет на следење.

## ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПЕДАГОГОТ ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

**МЕСЕЦ АВГУСТ**

| **р.б** | **Содржина** | **Цели – задачи** | **Постапки, форми, методи** | **Соработници** | **Очекувани ефекти** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Распоредување на ученици во прво одделенија | Формирање на паралелки | список, дијалог, разговор | Директор, психолог | Распоредување по критериум – хомогени одделенија |
| 2. | Изработка на Годишна програма за работа на училиштето и сопствена програма за работа | Определување на приоритетите и инструментите за нивна реализација | разговори, консултации | Директор, психолог, наставници | изготвена Годишна програма за работа на училиштето |
| 3. | Учество на состаноци на Наставнички совет и стручни активи на училиштето | Одредување на часови, одделенски раководства, формирање на тимови | Индивидуална, фронтална | Директор, психолог, наставници | Успешна организација на наставата |
| 4. | Советодавно – консултативни разговори со наставниците за тековни потреби и наставници почетници | Квалитетна изработка на Годишни планирања | разговор | наставници | Добивање на точни информации |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
